Секое утро Утрински брифинг на www.slobodenpecat.mk / www.slobodna.tv

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918

**Ордановски**
На мака се познаваат јунаците



**Митаноски**
За редиците пред банките



макс. дозволено 50 µg/m3
Велес
43
µg/m3
PM 10
mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 2 | 8 |
| Охрид | -3 | 6 |
| Битола | -2 | 6 |
| Маврово | -4 | 4 |

ЧЕТВРТОК 2 АПРИЛ 2020 | Број 1925 | Година VIII | WWW. SLOBODENPECAT.MK 15 денари

## Банкарите им приредија шок на граѓаните

# Ќе нема рати, ама ќе има камати

**Револт** Бурни реакции кај граѓаните предизвика одлуката на Комерцијална и на Стопанска, како и на некои од помалите банки, да ги одложат кредитите за 6 месеци, но за овој период ќе се пресметува камата, која понатаму ќе се додаде на ратите што ќе се отплатуваат. Ова значи дека во иднина ратите ќе бидат поголеми во однос на тие што би биле без да се прифати одобрениот грејс-период.



Фотографија Слободен печат / Арбнора Мемеџи

## Денот на шегата 1 април стана ден на снегот

Задоцнетиот снег, кој вчера на првиот априлски ден ја зафати земјава, се чини дека за првпат никого не изненади. Пролетва, кога сите со загриженост ја следат состојбата со коронавирусот, дури ни снегот кој цел ден врнеше, не предизвика реакции на граѓаните по социјалните мрежи, ниту на терен на градските и општински служби.

**Министерска конференција на Алијансата**
Македонија дебитира на масата на НАТО



страница 2

**Коронавирус**
Почина 65-годишна пациентка, 25 нови, вкупно 354 случаи

страница 5

**Илијанчо Гаговски**
5Г мрежата не е опасна по здравјето




страница 4

**Скопје**
Ниеден хотел не понуди преноќиште за бездомниците



страница 10

**Морнарицата на САД во ризик**
Епидемија на носачот на авиони „Теодор Рузвелт“



страница 14

# Хроника

Постои голема разлика меѓу истокот и западот за ставовите околу носењето маски. Станува јасно дека маските нудат некаква заштита. Не мора да се работи за маска со стандарди која штити 100 отсто. Ако луѓето генерално носат маски, генерално ќе се намали бројот на заболени. Маската не штити нас од другите, но и ги штити другите од нас.

*Д-р Александар Митов за „Утрински брифинг“*

**Видеоконференција** Министерски совет на Алијансата

# Македонија дебитира и дебатира на масата на НАТО

**Улога** Ова е глобална здравствена криза. Нашите мисли се со сите жртви на пандемијата и нивните блиски. НАТО има своја улога да помогне во оваа борба со невидливиот непријател, изјави генералниот секретар Јенс Столтенберг.




Преку видеоконференција денеска треба да одржи првиот состанок на министрите за надворешни работи на земјите членки на НАТО на кој полноправно ќе учествува и Македонија, јави дописничката на МИА од Брисел.

Генералниот секретар на Алијансата, Јенс Столтенберг, вчера го најави дневниот ред на министерски совет, кој за прв пат ќе се одржи преку безбедна видео врска помеѓу триесетте земји сојузнички на НАТО.

- Ќе и посакаме добредојде на Северна Македонија како триесетта земја членка. Дури и во овие тешки времиња продолжуваме да гледаме напред - изјави Столтенберг.

Земјите членки на Алијансата ќе се фокусираат на координирање на помошта во борбата против пандемијата со коронавирусот и ќе бидат претставени мерките што НАТО и нејзините членки ќе ги преземат за време на кризата.

– Ова е глобална здравствена криза. Нашите мисли се со сите жртви на пандемијата и нивните блиски. Им благодариме на сите оние што се во првите линии – здравствените работници, поддржани со цивилни напори. НАТО има своја улога да помогне во оваа борба со невидливиот непријател - рече Столтенберг.

Алијансата помага, меѓу другото, преку пренесување и обезбедување медицинска опрема како маски или шатори за мобилни болници, но и преку взаемна поддршка на земјите членки. Па така, Турција испраќа авион со опрема во Италија и Шпанија, Германија презема пациенти од други земји во своите болници, а лекари патуваат да им помогнат на нивните колеги во странство. Доктори од Албанија и од Полска отпатуваа да им помогнат на нивните италијански колеги, САД испратија медицинска опрема во Италија, Чешка донираше 20.000 заштитни одела во Италија и во Шпанија...

Столтенберг изјави дека Северна Македонија, како најнова членка, исто така го користи системот за одговор на кризи на Алијансата за да се координира на владино ниво.

- Ќе разгледуваме како да ги искористиме воените капацитетите и структурата на НАТО за да ја зголемиме и забрзаме нашата поддршка на националните одговори на Ковид-19, бидејќи сите заедно сме во оваа криза и нашиот заеднички одговор ќе биде поефективен. Клучната задача на НАТО, безбедноста и одбрана на над милијарда луѓе во светот, мора да се сочува и мора да се осигуриме дека оваа здравствена криза нема да прерасне во безбедносна криза - предупреди генералниот секретар Столтенберг.

**Руско МНР.**

## Проширувањето на НАТО со С. Македонија создава нови поделби

• Курсот на НАТО кон проширување единствено создава нови линии на поделби во момент кога на светот му треба обединување во борбата против коронавирусот, се вели во соопштение на руското Министерство за надворешни работи, по повод членството на Северна Македонија во Алијансата.

Според Министерството, присоединувањето на Скопје кон Алијансата „не носи никаква дополнителна вредност ниту за регионалната, ниту за европската безбедност“.

„Ваков чекор нема да придонесе за обединување на напорите за борба против заедничките закани и предизвици, вклучително и борбата против коронавирусот. Ќе создаде само нови линии на поделба“, пишува во соопштението на руското МНР.

Според руското МНР, „обидите да се даде попмезност и важност на тој настан се покажале безуспешни, поради влошената ситуација со ковид-19“.

„Во услови на вонредна состојба во земјата, лидерите на Северна Македонија, сепак, не ја испуштија можноста да укажат на историскиот карактер на членството во НАТО, што ја гарантира безбедноста и стабилноста на Скопје“, се истакнува во соопштението што го пренесува ТАСС.

Москва очекува Скопје да го потврди, во согласност со утврдената процедура, преземањето на обврските на Северноатлантската алијанса врз основа на потпишаните документи со Русија.

**Совет за безбедност.**

# Не се размислува вонредната состојба да се замени со кризна

**Со ова ниво на ограничување се постигнуваат задоволителни ефекти, изјави претседателот Стево Пендаровски.**

Во овој момент нема потреба од воведување поригорозни мерки во однос на ограничувањата на движењето на нашите граѓани. Со ова ниво на ограничување се постигнуваат задоволителни ефекти, изјави претседателот Стево Пендаровски по состанокот на Советот за безбедност.

- Според компаративните статистички податоци, нашата земја во однос на досега заразените, починатите и досега тестираните, не е под нивото на земјите-членки на ЕУ, а во некои од тие статистички индикатори е и понапред во позитивна смисла од земјите во нашето опкружување - истакна Пендаровски.

На прашањето дали се размислува по завршувањето на првите 30 дена вонредна состојба таа да се замени со кризна на територијата на целата држава, рече дека не се размислува за тоа, „пред се и над се заради економските индикатори кои покажуваа нагло влошување или можности за нагло влошување на економската состојба“, рече Пендаровски.

Печатењето пари апсолутно не е опција во овој момент, ние сме далеку од размислувањата катастрофични сценарија, додаде шефот на државата.

- Ние не сме идеални во економскиот дел, бидејќи пандемијата си го зема својот данок, но далеку сме од размислувања за катастрофични сценарија. Печатењето пари не би требало да биде варијанта во ниту една ситуација, бидејќи кога ќе помине целата кризна ситуација ќе предизвика уште поголеми негативни реперкусии и по нашата национална економија - рече Пендаровски.

Сите сценарија за идниот развој на настаните се оптоварени од главната непозната, а тоа е колку долго ќе трае пандемијата. Консензуален заклучок е, нагласи Пендаровски, дека постои дневна координација, и на централно и на локално ниво, и сите расположиви ресурси и напори во овој момент се насочени кон справување со кризата.



На прашањето дали размислува да се откаже целосно од платата за време на пандемијата, потврдно одговори дека ако Владата предложи таква мерка, тој ќе биде првиот кој ќе ја поддржи.

Претседателот Пендаровски, на 18 март, на предлог на Владата, прогласи 30-дневна вонредна состојба во земјата заради поефикасно справување со коронавирусот.

**Економија** Министерот Манчевски за владините мерки

# Ако продолжи кризата ќе се кратат и други плати

**Решивме дека овие мерки засега се доволни, но сакаме да ги слушнеме сите предлози и можни решенија. Мора да се грижиме за најпогодените и за секое семејство да не остане без приход, вели Манчевски.**



Ако продолжи да трае кризата во наредните неколку месеци, не само од администрацијата, туку и од многу други места ќе има намалување, изјави министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски во „Утрински брифинг“ на Слободна ТВ.

- Кратењето на платите на функционерите е пред се човечка солидарност. Се бараат решенија за медицинската состојба и ќе се дојде до тоа, но економските ефекти ќе останат како предизвик. Заштедите од платите на функционерите не се нешто големи, но сепак се порака дека мора да се солидаризираме. Има економски гранки кои веќе се многу погодени, ние се обидуваме да го зачуваме секое работно место. Но, ако продолжи да трае кризата во наредните неколку месеци, не само од администрацијата, туку и од многу други места ќе има намалување. Решивме дека овие мерки засега се доволни, но сакаме да ги слушнеме сите предлози и можни решенија. Мора да се грижиме за најпогодените и за секое семејство да не остане без приход - рече Манчевски.

На прашањето што е со оние кои ги изгубија работни места и со хонорарците, министерот Манчевски рече дека фирмите нема да добијат никаква помош ако отпуштат вработени.

- Хонорарците се опфатени со мерките, треба половина од договорената сума со авторски договори да им се исплати. Наоѓаме и приход за вработени во културата и во спортот. Процедурите за пристап до државната помош нема да бидат комплицирани, нема да се бараат купишта хартија. Граѓаните треба да бидат спокојни, имаме заштитна мрежа – вели Манчевски.

Според него, не е исклучено да се наметна и мерки за најбогатите.

- Нормално дека ако се вжешти кризата ќе биде побарано од оние кои имаат што дадат, нема да се бара од оние кои немаат. Мило ми е што веќе се јавија неколку фирми да помогнат, затоа го отворивме и солидарниот фонд, помошта ни е потребна сега – изјави министерот Дамјан Манчевски.

**Драги Ѓеоргиев.**

## Бугарија треба да го промени погледот кон Северна Македонија

• Бугарија треба да го промени погледот на Македонија за сегашноста, односно да ја признае таа реалност. Македонската историографија треба малку похрабро и поотворено да проговори за минатото и во таа смисла, доколку двете држави, политики, историографии порастат во тие два погледа истовремено, доколку растат и ги надминуваат тие цврсто националистички сфаќања за минатото или за денешната реалност, тогаш може да се дојде до резултат.

Ова за за ТВ Европа го нагласи историчарот Драги Ѓеоргиев, член на мешовитата Македонско-бугарска комисија за историски и образовни прашања. Тој смета дека доколку се прекине работата на Комисијата, ќе останe чувството дека тоа добрососедство меѓу Бугарија и Македонија не е искрено и дека се нема желба да се надминат некои историски прашања кои ги обременуваат односите меѓу двете држави веќе шест-седум децении,

На прашањето дали смета дека концептите на Бугарија и Северна Македонија за интерпретација на историјата се разликуваат цврсто и суштински, тој вели дека Бугарија треба да го промени погледот кон Северна Македонија. Тој нагласи дека македонскиот и бугарскиот народ се најблиски народи и доколку не можат да најдат меѓусебно решение, тогаш тоа би било голема трагедија за нивните односи.

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

**Почитувани потрошувачи,**

**Би сакале да ве известиме дека на пазарот се појавија производи што претставуваат фалсификати на средствата за дезинфекција произведени од „Алкалоид“ - Ecosal® и Dezintal®, кои се воедно и заштитени трговски марки на „Алкалоид“ АД Скопје.**

Апелираме до купувачите да внимаваат при купувањето бидејќи фалсификуваните производи не ги исполнуваат стандардите за квалитет, при што би можело да дојде до несакани дејства врз безбедноста и врз здравјето на купувачите. Исто така, се доведува во прашање и ефикасноста на овие производи, кои во моменталната ситуација се од исклучителна важност.




**За да им помогнеме на купувачите да ги препознаат оригиналните производи Ecosal® Forte и Dezintal® произведени од „Алкалоид“, за чии квалитет и безбедност гарантираме, ги посочуваме следните детали што може да се забележат на самото пакување на производите:**

- на етикетите секогаш стои логото на „Алкалоид“, како и логата на Ecosal® и на Dezintal®, кои гарантираат за оригиналното потекло на производите и за преземените мерки во делот на нивната регистрација, во согласност со важечките регулативи;
- како производител секогаш е назначен „Алкалоид“ АД Скопје, што подразбира дека производите се произведуваат и се полнат во контролирани услови на производство;
- производот Ecosal® Forte се произведува во пакување од 500 ml, со затворање приспособено на типот на производот - антисептик, наспроти фалсификуваното пакување од 1000 ml, какво што досега не е пласирано на пазарот од „Алкалоид“;
- производите доаѓаат со соодветно упатство за употреба, за кое можеме да гарантираме само доколку се произведени и доколку се спакувани во фабричките погони на „Алкалоид“ АД Скопје.

**Образование.**

## Наскоро ваучери за бесплатен интернет?

• Досега не сме примиле информација дека во некое училиште воопшто не се организира онлајн-настава, а со министерот за информатичко општество Дамјан Манчевски размислуваме да доделуваме ваучери за да се обезбеди бесплатен интернет за децата од социјален ризик, изјави министерот за образование и наука Арбер Адеми за ТВ Сител.

Бидејќи има проблем со пристапноста до интернет во семејства без приходи, Министерството побарало училиштата да информираат колку деца немаат пристап до интернет поради материјални услови. Но, имало недоразбирање зашто училиштата мислеле дека ќе им се доделуваат ИТ-уреди и известиле за деца што не поседуваат уреди.

- За интернетот е малку полесно зашто размислуваме да доделуваме ваучери за интернет за да се обезбеди бесплатен интернет за децата од социјален ризик. Што се однесува до уредите, кога велиме учење од дома не мислиме на некои најмодерни ИТ-уреди, со посебни камери и микрофони итн. На пазарот може да се најде и употребен уред по скромна цена. Доволно е да имаме паметен телефон и сè да следиме онлајн - вели Адеми.

Тој нагласи дека онлајн-наставата е задолжителна и веќе стана редовна. Преку е-платформите, е-пошта и други модели и средства за електронска комуникација треба да се овозможи двонасочна комуникација наставник – ученик и размена на податоци.

Во однос на оценувањето и проверката на знаењето на учениците, Адеми рече дека наставниците може да бидат многу креативни за да оневозможат препишување на одговорите и побара креативност и максимална вложеност од сите страни.

**Општина Аеродром.**

## Петмина административци во изолација

• Пет административци од Општина Аеродром се во самоизолација поради тоа што имале допир со некој што е потенцијално заразен со коронавирус, потврди за „Слободен печат“ градоначалникот Златко Марин.

- Имаме пет луѓе во самоизолација, потпишаа изјава, зашто имале допир со некој што е потенцијален со коронавирус. Имаме вработен чија сопруга работи на Инфективното одделение. Кај неа не е констатиран вирусот, но е ставена во карантин. Нејзиниот сопруг е комунален инспектор кај нас. Сите што биле во допир со нејзиниот сопруг се во самоизолација, со потпишана изјава од понеделникот - ни рече Марин.

Тој додаде дека општината функционира според препораките на владата и секоја работа што може да се заврши од дома, административците ја вршат на тој начин додека сите сектори и одделенија имаат минимум вработени за да се одвива непречено работата.

**СлободнаТВ** Штетноста на новите технологии

# Гаговски: 5Г мрежата не е опасна по здравјето

**Оваа мрежа нема јонизирачко зрачење и не може лошо да влијае на здравјето на луѓето. Ќе се зголеми фреквенцијата, но таа останува во истата класа зрачење. Значи нема опасност, вели Илијанчо Гаговски, поранешниот прв човек на канцеларијата на „Мајкрософт“ во земјава.**






Тврдењата дека 5Г мрежата е опасна по здравјето се глупости и небулози, што значи дека за нив нема никаква научна потврда, изјави поранешниот прв човек на канцеларијата на „Мајкрософт“ во земјава и директор на „ПримАпс“, Илијанчо Гаговски, во „Утрински брифинг“ на СлободнаТВ.

- Оваа мрежа нема јонизирачко зрачење и не може лошо да влијае на здравјето на луѓето. За разлика од јонизирачкото зрачење, кое има доволно енергија да избие електрон од некој атом или молекул и со тоа да го „јонизира“, што може да предизвика штетни последици по човековото здравје, па дури и канцер, нејонизирачко зрачење нема енергија да избие електрон од атом или молекул.

Што значи дека не може да ја растури хемиската врска на молекулот на ДНК и не може да предизвика рак. Нејонизирачко зрачење значи немај гајле - објаснува Гаговски.

Оваа петта генерација безжични комуникациски технологии ќе користи дел од постоечките фреквенции ќе зрачи на 40 гигахерци, во делот на сликата кој се вика микробран, односно длабоко во делот на спектарот кој е нејонизирачки.

- Сега ќе се зголеми фреквенцијата, но таа останува во истата класа зрачење. Значи нема никаква опасност - нагласи Гаговски.

Откако деновиве на социјалните мрежи се појавија лажни информации дека „Македонски Телеком“ ја активирал пробната 5Г мрежа и дека таа има негативно влијание врз здравјето на граѓаните, реагираше компанијата, демантирајќи ги ваквите тврдења. „Без докази и факти преку споделување лажни вести и стари медиумски написи од 2018 и 2019 година во погрешен контекст се креира невистинита и негативна кампања за 5Г мрежата и се шири непотребна паника во услови кога треба да останеме смирени“, соопшти „Телекомот“.

**Шанса** Визирите покажаа кој е кој

# Додека едни волонтираат, други профитираат

**Барем да почекавте да ги завршиме медицинарите и да ги заштитиме, па продавајте на банки, фирми, бизниси и слично – им се обрати на понудувачите доктор Лазаров, кој учествува во иницијатива за бесплатно произведување заштитни визири.**



Лекари и директори од повеќе медицински установи во земјава деновиве добиле повеќе електронски понуди за набавка на визири, кои здравствените работници ги користат во болнички и амбулантски услови за заштита од коронавирусот. Компаниите ги нудат овие визири по цени од 280 до 500 денари. Истовремено, тим од млади ентузијасти вложува големи напори, време и пари за бесплатно да ги обезбеди овие визири за оние на кои им се најпотребни.

Доктор Ненад Лазаров, кој работи во приватна ординација, со тим млади ентузијасти волонтерски помага да се изработат и да се дистрибуираат заштитни визири до медицинарите. Тој е разочаран и непријатно изненаден од ваквиот потег на некои компании.

- „3Д Принт Медицинска опрема“, екипа од доброволци, ваши пациенти, сограѓани, со сопствени машини, деноноќно и пожртвувано, од срце се труди да произведе и да ви донира бесплатни визири за секој медицинар. Се здробивме сите од работа, не знаеме кој ден е! За неколку денови ќе имаме и ќе дистрибуираме 20.000 бесплатни визири. Да видиме на кого ќе продавате! Или барем да почекате, да ги завршиме медицинарите и да ги заштитиме, па продавајте на банки, фирми, бизниси и слично, ама легитимно и чесно - вели Лазаров.

Од утре „3Д Принт Медицинска опрема“ ќе почне да ги дели визирите и на приватните здравствени установи, во соодветни количини, во зависност од големината на медицинските тимови.

- Многу сум горда на моите млади колеги, моите студенти, за нивната креативност, проактивност и исполнителност. Ме охрабруваат ваквите иницијативи, кои се пример колку многу се важни принципите за да излеземе сите заедно како победници во оваа глобална сериозна ситуација - вели Софија Пејкова, директорка на Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија, која исто така добила понуда на имејл за купување визири, но ја одбила.

За визирите, според нашите информации, има и заменски стакла, па не е исклучено во иднина и нив за да им ги нудат на болниците и лекарите за профит. Со оглед на тоа дека станува збор за илјадници визири, сумите во игра се високи.

**М.Б.**

**Министерство за здравство**

# Почина 65-годишна пациентка, 25 нови случаи

• Почина пациентката од Лабуништа на возраст од 65 години, заболена од коронавирус. Пациентката имала претходни заболувања – коморбидитети: хронично опструктивна белодробна болест, дијабетес, срцева слабост и обезност, соопшти вчера Министерството за здравство.

Во врска со пациентката која во неделата наутро почина во болница во Струга, а на која постмортем и е земен брис, тестот е позитивен на ковид-19.

Во претходното деноноќие направени се 257 теста. Регистрирани се 25 нови случаи на коронавирус во земјата, и тоа во Скопје - 7, Куманово – 7, Прилеп – 2, Тетово – 5, Струга – 2, Гевгелија – 1, Кочани – 1, со што вкупната бројка на дијагностицирани пациенти со ковид-19 изнесува 354 лице.

Според местото на живеење, досега случаи на ковид-19 се регистрирани во Скопје - 183, Куманово - 54, Дебар - 47, Штип -15, Прилеп - 12, Тетово -13, Струга - 9, Велес - 6, Битола - 4, Охрид - 3, Кавадарци - 2, Гостивар -1, Гевгелија - 2, Струмица- 1, Крива Паланка - 1, Кочани - 1.

На Клиниката за инфективни болести се примени девет нови заболени од коронавирус, со што вкупниот број хоспитализирани е 59, од нив 12 се со потешка клиничка слика од кои пет се поставени на механичка вентилација, истакна министерот Венко Филипче. Вкупниот број тестирања досега извршени во земјава се 3.775.

Тој посочи дека од Клиниката за инфективни болести се испишани пет пациенти, на кои им се направени два контролни тестови кои се негативни. Тие се во добра здравствена состојба и ќе се упатат на домашно лекување. Од 28 пациенти во Дебар кои се на домашно лекување, појасни, на 11-мина од нив,




од денеска, па во следните денови, ќе им се земаат контролни брисеви и тие се во добра здравствена состојба, дополни микнистерот.

Во врска со Охридската болница, посочи дека таму е завршен увидот од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, изречени се казни на поранешната директорка, на доктори специјалисти од Одделот за инфектологија, како и на самата институција, а во периодот кој следи ќе се направи стручен увид од Лекарската комора, по што за случајот ќе заседава и Етичката комисија при Лекарската комора.

– Има 80-годишна пациентка од Штип која била таму примена првпат на 26 март, првиот брис е негативен, тогаш е пратена на консултација и вратена назад од Скопје. Таа се лекувала на Одделението за инфективни болести, има влошување на состојбата и на 30 март повторно е упатена на Инфективната клиника. Тестот е позитивизиран, а поради претпазливост, четири медицински лица ќе бидат во самоизолација. Тие се асимптоматски, направена е прераспределба на медицинските сестри, осум дополнителни ќе ротираат од други одделенија во болницата во Штип на Одделението за инфективни болести за да се надомести персоналот кој ќе биде во самоизолација, рече Филипче.

**Гинекологија** Се породи жена заразена со ковид-19

# Се испитува дали и новороденчето е носител на вирусот

**Породувањето се случило на 30 март, а резултатите од тестот за коронавирус кои биле позитивни, пристигнале следниот ден.**



**Мирослава Бурнс**

Дваесет и седумгодишна жена од Куманово се породила на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје, а набргу потоа е констатирано дека е инфицирана со коронавирус. Новороденчето е машко и во моментов се наоѓа на одделот за интензивна нега и терапија на Гинеколошко акушерската клиника поради тоа што е недоносено. Бебето е изолирано и е во добра општа состојба, не е на респираторна машина, туку само со кислородна хауба. И од бебето ќе бидат земени примероци за да се испита дали е носител на коронавирусот.

Породувањето се случило на 30 март, а резултатите од тестот за коронавирус кои биле позитивни, пристигнале следниот ден. Пациентката била спроведена и породена со царски рез во изолација, заради тоа што имала упатна дијагноза која укажува на намалена плодова вода.

Кога родилката била примена на ГАК, немала температура, но во својот исказ посочила дека три дена порано имала треска и се пожалила на сува кашлица. Таа на лекарите им кажала дека член на семејството имал симптоми што може да укажуваат на инфекција со ковид-19.

По добивањето на резултатите од тестот, пациентката почнала да развива потешка клиничка слика, имала отежнато дишење па веднаш е префрлена на Клиниката за инфективни болести.

Додека била на Гинекологија, родилката била изолирана и биле преземени сите мерки за заштита на медицинскиот персонал и другите пациенти, тврдат од ГАК. Еден дел од Клиниката функционира за родилки сомнителни и позитивни на ковид-19. За таа намена е воспоставен целосен протокол на изолација од влез, патека на движење, посебна родилна сала, бокс и тим, велат во Клиниката.

**Почина родилка, се испитува дали имала коронавирус**

**• На Гинеколошката клиника се испитува дали една родилка на 37-годишна возраст, која починала од компликации при породувањето, исто така била заразена со коронавирус. Родилката од Охрид била донесена истата вечер со возило на брзата помош, со многу висока температура, над 39 степени, и со мртов плод.**

**„За време на интервенцијата состојбата кај пациентката се влоши, при што таа беше интубирана, се пристапи кон целосна реанимација, но, за жал, во 22 часот е констатирана смрт“ - велат од Клиниката за гинекологија.**

**Причина за смртта на мајката и на плодот, како што велат од ГАК, најверојатно е сепса со масивна тромбоемболија. Телото на пациентката ќе биде испратено на обдукција, по што ќе има точна дијагноза. Се очекуваат и резултатите од тестот за ковид-19, кој бил направен.**

**Инфективна клиника.**

# Сестра позитивна на коронавирус, четворица нејзини колеги во изолација

**За овие два дена додека била на клиниката, сестрата кај која е утврден коронавирус, била со целосна заштита опрема, но направени се интервјуа и со колегите, па ќе се постапи согласно со податоците - рече Филипче.**

Медицинска сестра од Куманово е позитивна на коронавирусот, четири медицински лица се во самоизолација – соопшти вчера министерот за здравство Венко Филипче.

- Сите пациенти од Заводот за рехабилитација во Скопје се испишани и упатени на домашно лекување. Во Охрид е завршен увидот, изречени се казни на претходната директорка, на доктори специјалисти од одделот за инфектологија, како и на самата институција. Ќе има увид и од Лекарската комора и ќе заседава Етичката комисија на Лекарската комора - рече министерот Филипче на вчерашната прес-конференција.

За пациентка од Штип, која била примена на 26 март, првото тестирањето покажало дека нема коронавирус. Таа има 80 години и се лекувала на одделението за инфективни болести, но по влошување на состојбата, на 30 март повторно е упатена на Клиниката за инфективни болести, направен ѝ бил втор тест и тој бил позитивен на коронавирус.

– Превентивно, четири медицински лица ќе бидат во самоизолација. Направена е прераспределба на медицинските сестри, 8 ќе ротираат од други одделенија. Една медицинска сестра од Куманово која работи на Клиниката за пулмологија, минатата недела била во резервен тим, вчера почувствувала зголемена телесна температура, па земен ѝ е брис. Таа е позитивна на коронавирус. За овие два дена додека била на клиниката, била со целосна заштита опрема, но направени се интервјуа и со колегите, па ќе се постапи согласно со податоците - рече Филипче.

# Економија

**Курсна листа** 1.4.2020

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.386 | 62.003 | GBP | 1 | 69.253 | 69.949 |
| USD | 1 | 56.030 | 56.593 | CAD | 1 | 39.307 | 39.702 |
| CHF | 1 | 57.993 | 58.576 | AUD | 1 | 34.166 | 34.509 |

**Работодавачи** Нови детали за мерките за економијата

# Државна помош ќе добијат само оние што не ги намалиле платите

**Многу фирми нема да може да ги исполнат многубројните критериуми и ќе останат без државна помош, вели претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија, Ангел Димитров**

Весна Дамчевска

Организацијата на работодавачи на иста маса со Владата учествуваше во креирањето на мерките за намалување на последиците од коронавирусот врз економијата. Тие се делумно задоволни од конечниот исход на преговорите и велат дека Владата усвоила многу широк опсег на критериуми и многу од фирмите нема да можат да ги исполнат и ќе останат без помош.

Претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија, Ангел Димитров, за „Слободен печат“ открива детали од уредбата за финансиска помош на фирмите, која им овозможува да земат до државата по 14.500 денари за работник за април и за мај.

- Еден од критериумите е дека помош нема да добијат оние што ќе им ја намалат платата на работниците – дециден е Димитров.



↑ **Владата проценува дека помош од 14.500 денари ќе има за меѓу 200.000 и 250.000 работници**

Во критериумите е и бројот на работници.

- Фирмите што аплицираат за помош треба да имаат ист број работници како пред коронавирусот, освен ако бројот не се намалил поради смрт или пензионирање. Секако, оваа помош не треба да се даде ако некој отпуштал работници. Дури, отпуштањето на работниците во вакви услови, ако нема некои посебни причини, е и противзаконско. Така, тие фирми и не заслужуваат помош. Но, ако некој има намален број работници поради тоа што некој работник сам си отишол, не е фер да трпи фирмата и да не може да земе помош за другите работници – вели Димитров.

Другите критериуми за финансиска помош од 14.500 денари е да имаат најмалку 30 отсто намалување на приходите споредено со просекот од минатата година, односно сезонскиот просек за работодавачите кои вршат сезонска дејност. Потоа, за месецот за кој се бара финансиска поддршка, просекот на делот на највисоките нето-плати на 10 отсто од бројот на вработените во фирмата да не надминува износ од 120.000 денари месечно по вработен. Финансиската поддршка не се однесува на оние вработени што за месеците декември 2019 година, јануари и февруари 2020 година примиле нето-плата повисока од 39.900 денари.

Според Димитров, и јавната администрација требаше да понесе дел од товарот.

- Не е фер за оние што сега, во вонредни услови, одат на работа, да земаат иста плата како порано, а оние што не одат на работа, да земат 100 проценти од платата. Но и самиот премиер рече дека платите во администрацијата ќе зависат од тоа како ќе се одвиваат состојбите, па реално тие ќе мора да се намалат – смета Димитров.

## Од платите на функционерите ќе се заштедат повеќе од 4 милиони евра

• Од намалените плати на избраните и именуваните функционери, од директор па сѐ до министер и претседател на држава, кои во април и во мај ќе бидат 14.500 денари, се очекува да се заштедат околу 4 милиони евра, рече министерката за финансии Нина Ангеловска.

Дополнително ќе има заштеда и од додатоците што нема да ги добијат претседателите и членовите на управни и надзорни одбори на јавни институции од извршната и од локалната власт, како и претседатели и членови на советите на општините, а кои истовремено некаде работат. Од нив ќе се заштедат од 250 до 300 илјади евра на месечно ниво.

Заштеди ќе има и од преполовените хонорари.

**Стопанска комора.**

## Ако нема нови мерки, товарот ќе го понесат фирмите

• Ние претпоставуваме дека ова не е последниот сет мерки и дека ќе следат нови штом државата обезбеди дополнителни финансиски средства по пат на позајмување, вели Зоран Јовановски, главен советник на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија за економски прашања.

– Досегашните мерки се примарно насочени кон зачувување на нископлатените работни места – вели Јовановски.

Тој потенцира дека ако нема нови мерки, тогаш товарот од кризата во најголем дел ќе падне на приватниот сектор.

Во Стопанската комора членуваат големите компании.

**ССК.**

## Владата да ги плати бруто-платите за три месеци кај најпогодените

• Сојузот на стопански комори (ССК) каде што членуваат малите компании, соопштува дека се оградува од мерките објавени во вториот сет од страна на Владата, со појаснување дека тие барале системски мерки за сите засегнати микро, мали и средни претпријатија без оглед на дејноста, а кои се засегнати од кризата.

ССК бара државата во засегнатите компании да покрие бруто-плати за три месеци, да има мораториум за казнени камати и камати за задоцнето плаќање за 6 месеци и лекарите, трговците и други кои се активни во овој период да добијат еднократен бонус од државата.

**Нина Ангеловска, министерка за финансии.**

## Во најдобар случај ќе недостигаат 700 милиони евра, во најлош 1,3 милијарди

• Почнувајќи од 20 март, односно кога почнуваат да се чувствуваат ефектите од здравствените мерки преземени за спречување на ширење на коронавирусот, се забележува остар пад на даночните приходи од околу 25 проценти на дневно ниво, рече на вчерашната прес-конференција министерката за финансии Нина Ангеловска. Ова доведе до пад на вкупните даночни приходи за март за 11 проценти во однос на претходната година.

- Главно, имаме 3 основни сценарија: поволно, неповолно и најнеповолно. Кај сите сценарија најголемиот пад на даноците се очекува во вториот квартал од 40 проценти до 65 проценти во однос на претходната година, додека претпоставките за третиот и четвртиот квартал се разликуваат според кога би започнал периодот на економско заздравување и стабилизација - рече Ангеловска.

Според неа, во првото сценарио во Буџетот би недостасувале 700 милиони евра, во второто 1 милијарда евра, а во третото 1,3 милијарда евра.

Министерката повтори дека засега се бараат околу 600 милиони евра, од кои 400 милиони евра од комерцијални банки во странство, а другите од ММФ и од странство.

Рокот за доставување на барањата во странските банки бил до денеска, а парите би требале да легнат на сметка во мај.

**Банкарите им приредија шок на граѓаните.**

# Банките ќе ги одложат ратите, ама за тој период ќе наплаќаат камати

**За станбен кредит од 35.000 евра за кој останале уште 300 рати, дополнителната камата за одложените 6 месеци е 602 евра, пресмета сајтот Банкарство.мк.**

Двете најголеми банки - Комерцијална банка и Стопанска банка, како и дел од помалите банки, веќе ги објавија новите услови за кредитирање и предизвикаа бурни реакции кај граѓаните. Тие ќе ги одложат кредитите за 6 месеци, но за овој период ќе се пресметува камата, која понатаму ќе се додаде на ратите што ќе се отплатуваат. Ова значи дека во иднина ратите ќе бидат поголеми во однос на тие што би биле без да се прифати одобрениот грејс-период.

Граѓаните негодуваат дека оваа не е начин да им се помогне, односно дека во вонредна состојба кога тие остануваат без вообичаениот износ на приход, и банките треба да понесат одреден товар, затоа што остваруваат огромни профити.

Износот на каматите воопшто не е мал, особено ако се за еден станбен кредит. Специјализираниот сајт Банкарство.мк направи симулација за дополнителните износи што ќе треба да се плаќаат.

За потрошувачки кредит од 600.000 денари за кои останале да се платат уште 72 рати, дополнителната камата за пресметаниот 6-месечен грејс-период изнесува 17.457 денари, односно ратите ќе се зголемат за околу 290 денари.

За станбен кредит од 35.000 евра за кој останале уште 300 рати, дополнителната камата за овие 6 месеци е 602 евра. Која распределена на преостанатите рати го зголемува нивниот месечен износ за 4 евра.

Според министерката за финансии Нина Ангеловска, банките треба да им помогнат на граѓаните, но мора да се грижат и за својата долгорочна ликвидност.

- Банките и понатаму ќе треба да им излегуваат во пресрет на фирмите и на граѓаните со одобрување кредити. Тие мора да ја зачуваат својата стабилност. Во сите земји дури и каде што се прогласи мораториум за отплата на кредитите, течат каматите во овој период – рече Ангеловска.

(В.Д)

Корупцијата и криминалот на политичките и економските елити го дефинираа владеењето на децениското владеење на Груевски и токму затоа, Заев можеше да порачи дека сега товарот мора да го преземат и сите оние кои профитираа токму преку пустошење на државата. Но, тој тоа не го стори.

Биљана Секуловска

# Трибина

**Избор колумни.**

## На мака се познаваат јунаците



**Сашо Орданоски**
Цивил медија

Што и да направите во време на ваква голема криза, какви мерки и да донесете, секогаш ќе има губитници и добитници во процесот.

И нема лутење: сечија мака е голема како планина, бидејќи таа најмногу им тежи на оние што ја носат, без разлика дали, во светот на објективната географија, може да се измери како Водно или како Хималаите. Така, за некој кој е заразен од вирусот можеби проблемот на сопствениците на домашни миленици и неможноста да нуждат по надвор за време на полицискиот час им изгледа тривијален до немајкаде; но оние кои не можат да ги прошетаат своите кучиња навечер со право бараат ургентни интервенции во мерките, со иста итност како што воведувањето на нова терапија во лекувањето на болните може некому да му пресуди меѓу животот и смртта.

Што во рекле Американците - проклет си и ако направиш, проклет си и ако не направиш, исто ти е.

Така ќе поминат и овие мерки на државата со кои интервенира во економската криза којашто се заканува, на среден рок, да стане поголема од здравствената. Ако два месеца се ограничат платите на административците, се слушаат критики и лелекања како да е дојден крајот на светот - а за некои можеби и е, барем оној на кој се навикнати. Ако, пак, се одлучи да не им се ограничат, тогаш со исто толку гласни клетви и фрлања камења се тврди дека државната синекура е секогаш посигурна од ветрометината на капиталистичката приватна пазарна економија.

Па, нели ако не се намали платата на администрацијата се поттикнува поголема потрошувачка, што одговара и на приватниот сектор за и тој низ таквиот промет сосема да не „издише“?! Како што важи и обратното: јавниот сектор, во ваква криза, не може да ужива во помал економски ризик од приватниот, од чии алиментации во добар дел живее?!

Потоа се вклучува машинеријата на социјалните мрежи, како огромен индустриски комплекс за општествено-политичко прдење од секаков интензитет и причини за фрустрација. Пробајте: гарантирам дека ќе добиете приближно ист број лајкови ако напишете „Долу Влада!“ и, десет минути подоцна, „Горе Влада!“... А ако ставите и некоја мајка-шајка на крајот, бројот на лајкови инстантно се удвојува. Еве, обидете се со ова (во посебна рамка, со црвена заднина, крупен фонт и некоја шарка горе и долу, а по можност направете и барем две-три правописни грешки, не само затоа што сте неписмен, туку и за сите да разберат дека многу ви се брзало да го плукнете јавно тоа што ви дошло): „Да ве е**м и Зајко и Мицко, земјава ја испокрадовте, а уште се сликате!“... Од 100 лајка, нагоре!

> Многу луѓе како да заборавaат дека мерките не се носат за да продолжиме да живееме како пред кризава, туку за да ја преживееме кризава. Тој напор е глобален, а во многу држави и со помали изгледи за успех, ако ви е за некаква утеха.

Со други зборови, и овие мерки на власта се толку идеални, колку што сме ние работливи Германци, со швајцарски државен буџет и со шведска општествена свест. (Сега е добар момент да декларирам: јас од сите набројени мерки нема да имам никаква директна корист.) Многу луѓе како да заборавaат дека тие мерки не се носат за да продолжиме да живееме како пред кризава, туку за да ја преживееме кризава. Тој напор е глобален, а во многу држави и со помали изгледи за успех, ако ви е за некаква утеха.

Има и нешто „демократско“ во целава криза: од една страна, побогатите се повеќе уплашени дека имаат што да загубат; а од друга, парите не им го намалуваат стравот од можноста и тие да се заразат, бидејќи таа здравствена опција не зависи од личното богатство.

Затоа и мислам дека кај многумина кои можат, ќе проработи чувството за општествена солидарност. Можеби никогаш не важела повеќе онаа позната изрека, дека на мака се познаваат јунаците!



ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

**ТОП TWEET**



**Гоце Милевски**
Хомо хомини Вухан ест.



**Мартин Богатиноски**
- Мамо, мамо, како сум дошол јас на овој свет?
- Карантине, ај не прашувај такви работи!



**Горан Теменугов**
А ги сменивте зимските со летни гуми. Добра утка!

**Став.**



↓ Ида Протугер Вељковиќ

## Прашањата заслужуваат одговор

Ја следам прес-конференцијата на Венко и поставените прашања до него од интерес на јавноста. Новинарите со право поставуваат разни прашања од јавен интерес кои се однесуваат на системскиот капацитет на државата да одговори на криза од вакви размери. Редици пред банките, како се предаваат телата на починатите, листа на хотелските капацитети итн.

Министерот може и негова одговорност е да знае за капацитетите во здравството, во смисла на болнички кревети, кога се очекува пикот на заразата и за анамнезата на пациентите, но премногу е да се очекува, иако човекот е навистина супермен, да има информации за целокупниот системски капацитет на државата да се справи со кризата.

А прашањата заслужуваат одговор. Најмалку што може Владата е да одреди тим кој секој ден ќе биде на прес-конференција, преку телеконференциска врска или на дистанца од два метри, почитувајќи ги препораките за заштита, но кој ќе биде спремен да одговори на сите овие прашања и да му дозволат на министерот да се посвети на прашања кои се во негов ресор и да го одморат од одговорности кои надминуваат капацитет на еден човек.

Рашковски наместо да објавува комуникација со Мицкоски, покорисно е да му биде логистика на Венко во одговарање на прашањата околу системскиот капацитет на државата.

Како и премиерот, и други кои можат да го споделат товарот.

Да го оставaт Венко вака сам постојано да се грижи и да бара одговори за целиот систем делува несериозно.

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.** WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 1.4.2020 | **Тираж: 7.300 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ, СРЃАН ИВАНОВИЌ, МИТКО БИЉАНОСКИ, КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА, ВИОЛЕТА КОСТОВСКА, ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

СТАВ



**Ерол Ризаов**

Дојче веле

# Чувајте се од волшебници

Како да се спасиме и себе и своите блиски во време на пандемија од подмолен вирус треба да ни биде единствената грижа. Заразен човек од опасната чума на 21 век нема ниедна друга желба освен да преживее и да оздрави. Не чекајте да се уверите во тоа за да ја дознаете вистината. Оти човек кога ќе умре, за него умрел целиот свет.

Сè друго е помалку важно, да не речам безначајно. Во оваа вистина деновиве се уверуваат, кога ќе им кажат лекарите дека се позитивни и недопирливите, кралеви и цареви, принцови и принцези, претседатели, премиери, милионери и милијардери, големи моќници, врвни лекари, славни личности, верски великодостојници и поглавари кои до вчера беа под божја заштита, а со нив заедно и илјадници простосмртни луѓе кои имаат многу планови и секојдневни грижи. Сега за сето тоа богатство и моќ, не даваат ни пет пари, мислат само на едно - како да се излекуваат.

Бидете на штрек во вакви тешки и мачни времиња на искушенија и страв, од вирусот побрзи се само разни шарлатани и лажни спасители, кои во ерата на интернет и брзи комуникации даваат бесплатни рецепти како да се спасите. Се нудат на ангро волшебни решенија со топла вода, лимон и сода-бикарбона, со ракија и разни мирудии, со бабини деветини и магии. Има и такви што нудат милијарди евра за ни влакно од главата да не ни фали. И тоа се бабини деветини, ама со предумисла.

> **Кога имате илјада гајлиња, како да немате ниедно. Ако сте соочени само со едно гајле, тоа е најголемо.**

## Преносители во ширење на злото

Не верувајте им на тие волшебници и не препраќајте ги нивните совети и генијални решенија по социјалните мрежи и медиуми, бидејќи станувате преносители и соучесници во ширење на злото што го нападна човештвото. Лесно се препознаваат нивните мотиви, лицемерие и лажна грижа за вашето здравје. Бидете внимателни и седете дома, како и досега. Тоа е најдобро. Докажано.

Како и во сиот свет, и кај нас деновиве се појавија пророци, кои имаат решенија за сите наши маки и стравувања. Проповедаат по сите медиуми како безболно да ја пребродиме и здравствената и економската криза.

Тоа се нашите спасители, идни нобеловци, и за медицина и за економија, кои преку ноќ и нас и светот го лечат и од вирусот и од економската криза. Ни подаваат рака по стопати на ден за спасение грешним.

Еден таков врховен авторитет и за енергетика и за медицина и за економија истовремено, дење-ноќе повторува, како да е божји пратеник, верувајте ми само мене и на моите лекари и моите невидливи експерти по економија.

## Изумите на непризнатиот генијалец

Неговиот лек е навистина волшебен. Има само една мала мана што секој ден е поскап единствено затоа што никој не го слуша да му ги исполни нарачките на генијалецот. Прво рече, веднаш земете заем од 600 милиони евра, потоа за неколку денови накачи на милијарда, сега е негде околу две милијарди евра, до утре ќе стаса до три.

Спасителот откривајќи топла вода со траорен глас вели: дајте ги парите за лекови, тестови, респиратори и сè што е потребно за спречување на заразата, поделете им пари на засегнатите компании, на луѓето што останале без работа, на сите што се погодени од неспособноста на тие што не ги прифаќаат моите изуми. Па вели, имам јас и други придружни безболни медицинско-економски зафати во мешан грчко-римски и слободен стил, ако недостасуваат пари.

Веднаш, рече, бркнете ги рацете во пензиските фондови, утре ќе биде доцна. Волшебникот прави домашен есап на државниот пазар со хартии од вредност, открива кај се скриени парите на граѓаните во девизните резерви и штедни влогови, ја отвора државната каса како терзија џеб. Така ќе се излечиме сите од вирусот и ќе имаме полни џебови со пари. Арно ама, алчните луѓе што одлучуваат, не му ги прифаќаат изумите на непризнатиот генијалец. Затоа треба да ја преземе власта и да ја заврши работата. Им се чудам на овие во власта што не ја прифаќаат подадената рака да дојде избавителот во власта и да ги демонстрира нагледно спасоносните решенија што се многу едноставни.

## Не е пародија, болна вистина е

Сето ова би изгледало како пародија ако не е болна вистина што го слушаме како агресивна предизборна кампања среде опасната пандемија. Кога политичари се претставуваат како спасители со магионичарски трикови, тогаш ја добиваме оваа воено профитерска кампања која пламнува кај сите засегнати. Нема ништо попримамливо на уплашени, на заболени и на економски загрозени луѓе што остануваат без имот и без работа и со намалени примања да им се ветат пари кои треба друг да ги најде и да ги врати.

Се создава амбиент во државата дека негде има азно со многу пари, ама некој во власта намерно, или од незнаење, не сака да нè заштити од вирусот и од банкротства, ги остава луѓето без работа, на милост и немилост. Ова е досега највалканата пропаганда во „воени“ услови кога во земјата е прогласена вонредна состојба, што не значи ако нема брзо надминување на ваквото безумие, дека нема да биде уште полоша.

Ако се има сериозна и искрена намера да се предложат ефикасни мерки според реалните можности и за задолжување и за интервенции со резервите со кои располага Македонија, или со други мерки кои не се опфатени со досегашните на Владата кои се веќе во примена и со тие што се во подготовка, кога не функционира парламентот, единствениот начин тие да се аргументираат е да се образложат во Владата во стручна расправа.

Кризните штабови и комисии се вистинското место каде што ангажираните здравствени и економски експерти, чии имиња треба да се соопштат на јавноста, заедно со Владата ќе ја преземат одговорноста за одлуките што се спроведуваат и што не се спроведуваат. Медиумската пропаганда со која политичари предлагаат нереални популистички и волунтаристички неостварливи решенија, кои само на хартија ги покриваат сите штети, наликуваат на патокази кои покажуваат излез што не постои. Со тоа предизвикуваат уште поголема штета од реалната.

## Мегдан за хуманост и солидарност

Секоја земја има свои специфичности и можности до каде може да оди. Да се ветува од ракав над можностите без државна и стручна стратегија, без да се претпостави колку ќе трае светската рецесија и згора сигурно подолго и домашната криза, лесни решенија, диктирани од политичари, без оглед дали се од власта или од опозицијата, може да предизвика многу потешки последици и од најпесимистички претпоставените. Она што во овој момент е неопходно е вистинско, не паролашко и вербално единство, со кое ни ја отекоа главата цели 30 години. Ако е распуштен парламентот без можности за негово функционирање, ако изборите се одложени на неодредено време, ако заедничката влада со министри и владини функционери на сите релевантни партии ја презема одговорноста за вкупните состојби во земјата, тогаш, блиску до здравиот разум е дека секоја предизборна кампања и медиумско нудење атрактивни и безболни спасоносни решенија во вонредна состојба треба да се прима со голема резерва.

Во многу земји, покрај државните мерки за поддршка на јавното здравство и на деловите на стопанството и дејностите што се најпогодени, на луѓето што остануваат без работа, покрај владините мерки, се и солидарни донации за ублажување на последиците. Во Македонија, освен неколку поединечни случаи на општествено одговорни компании, не слушнавме и не видовме ниту еден друг гест на организирана акција со донации за спасување на најзагрозените дејности. Тие што со години профитираа, во добар дел со пари на граѓаните од буџетот во дил со државата, денес треба да покажат солидарност и кон државата и кон своите вработени кои учествуваа во создавањето на нивното богатство.

Еве добар мегдан за еден хуман натпревар, за вистински патриотизам организиран од бизнис-заедницата, па ако сакате и од политичките партии, невладини, хуманитарни организации, од сите оние кои можат да помогнат во вакви ситуации. Кога треба да се бркне во сопствениот џеб и од таму нешто да се даде, многу потешко оди отколку да се прават списоци на желби што фрчат од сите страни и кај што има вистинска потреба, но и од таму кај што и од несреќата се профитира.

И уште една заблуда, поврзана директно со војната против коронавирусот. Станува збор за препораката на Светската здравствена организација - тестирај, тестирај, тестирај... Од тие што ја соопштуваат оваа добра доктрина често, намерно или ненамерно, се испуштаат неколку факти што го претвораат ова извонредно јужнокорејското искуство во опасна полувистина. А, тоа е дека проширеното тестирање, или масовно тестирање, не значи дека треба да се тестира секој што сака, туку дека постојат јасно одредени критериуми кога тоа треба да се прави, при секој сомнителен случај, на секој потврден случај и карантин на секој близок контакт. И уште нешто што намерно се заборава: за голема жал, масовно тестирање како во Јужна Кореја можат да си дозволат само високоразвиени земји.

> **Еден таков врховен авторитет и за енергетика и за медицина и за економија истовремено, дење-ноќе повторува, како да е божји пратеник, верувајте ми само мене и на моите лекари и моите невидливи експерти по економија.**



| ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ |

# Клучно е да се одржат активни глобалните синџири на храна



Кју Донгју

Пандемијата ковид-19 претставува огромен товар за јавните здравствени системи во целиот свет, а милиони луѓе во најнапредните светски економии се во некаква форма на карантин. Знаеме дека човечката загуба ќе биде голема и дека огромните напори за промена кон подобро носат со себе големи економски трошоци. За да се намали ризикот од уште поголема загуба – недостиг на храна за милиони, дури и во богатите земји – светот мора да преземе итни мерки за да ги минимизира нарушувањата во синџирите на снабдување со храна. Потребен е глобално координиран и рационален одговор за да се спречи оваа здравствена криза да предизвика криза со храна во која луѓето не можат да најдат или да си дозволат храна.

> Потребен е глобално координиран и рационален одговор за да се спречи оваа здравствена криза да предизвика криза со храна во која луѓето не можат да најдат или да си дозволат храна.

Засега, ковид-19 не предизвика никаков притисок врз сигурноста на храната, и покрај објавите за опсади на супермаркетите. Иако нема потреба од паника – има доволно снабдување со храна во светот за да се нахранат сите – ние мора да се соочиме со предизвикот: огромен ризик храната да не биде достапна таму каде што е потребно.

Масовното ширење на ковид-19, со сите придружни затворања и блокади, создаде логистички тесни грла во долгите вредносни синџири на модерната глобална економија. Ограничувањето на движење, како и основното аверзивно однесување на работниците, може да ги спречат земјоделците од одгледување и преработка на храна. Недостаток на ѓубрива, ветеринарни лекови и други суровини, исто така, може да влијаат врз земјоделското производство. Затворањето на ресторани и поретко купување намирници ја намалуваат побарувачката за свежи производи и риба, кои влијаат врз производителите и добавувачите, особено врз земјоделците, со долгорочни последици за сè поурбанизираното население во светот, без оглед дали се наоѓа во Менхетн или во Манила.

Несигурноста околу достапноста на храна може да ги натера креаторите на политики да спроведат трговски рестриктивни мерки, со цел да ја заштитат националната сигурност на храната. Со оглед на искуството од глобалната криза на цените на храната во 2007 година, знаеме дека ваквите мерки можат само да ја влошат ситуацијата. Ограничувања на извозот, воспоставени од земјите извозници со цел да ја зголемат достапноста на храната во земјата, може да доведат до сериозни нарушувања на светскиот пазар на храна, што резултира во раст и зголемена нестабилност на цените. Во 2007-2008 година, овие брзи мерки се покажаа исклучително штетни, особено за земјите со ниски приходи и со дефицит на храна, како и за напорите на хуманитарните организации да обезбедат намирници за сиромашните и ранливите. Сите треба да учиме од нашето неодамнешно минато и да не ги правиме истите грешки двапати.

Креаторите на политики мора да се грижат да избегнат ненадејно затегнување на условите за снабдување и проток на храна. Додека секоја земја се соочува со свои предизвици, соработката – меѓу владите и целокупниот спектар на сектори и засегнати страни – е од најголема важност. Доживуваме глобален проблем што бара глобален одговор. Мораме да осигуриме дека пазарите на храна функционираат правилно и дека информациите за цените, производството, потрошувачката и залихите на храна се достапни за сите во реално време. Овој пристап ќе ја намали неизвесноста и ќе им овозможи на производителите, потрошувачите, трговците и преработувачите да донесат информирани одлуки и да спречат неоправдано панично однесување на глобалните пазари на храна.

Здравствените ефекти на пандемијата ковид-19 врз некои од најсиромашните земји сè уште не се познати. Сепак, можеме да кажеме со сигурност дека секоја криза со храна, како резултат на лошото креирање политики, ќе биде хуманитарна катастрофа што можеме да ја избегнеме.

Веќе имаме 113 милиони луѓе што доживуваат акутен глад; во Супсахарска Африка, четвртина од населението е потхрането. Какво било нарушување на синџирите на проток на храна, ќе ги интензивира и човечките страдања и предизвикот за намалување на гладот во светот.

Ние мора да сториме сè што е можно за да не дозволиме да се случи тоа. Превенцијата чини помалку. Глобалните пазари се клучни за балансирање на шоковите во понудата и побарувачката низ земји и региони, и ние треба да работиме заедно за да се осигуриме дека нарушувањата во синџирите за снабдување со храна минимизираат колку што е можно повеќе.

Ковид-19 силно нè потсетува дека солидарноста не е добротворна организација, туку здрав разум.

(авторот е генерален директор на Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации - ФАО)

## Корекција и извинување: Не 2,6 милијарди, туку 3,6 милијарди евра

Во изданието на „Слободен печат“ од 31 март 2020 година, во интервјуто со г-дин. Петар Гошев, на стр.13 направена е груба техничка грешка во реченицата.

„Расходната страна на Буџетот за 2020 година изнесува 3,9, а приходната околу 2,6 милијарди евра.“ Наместо 2,6 милијарди, треба да стои 3,6 милијарди евра.

Им се извинуваме на читателите и на господинот Гошев.





# За редиците пред банките



Веле Митаноски

Неверојатно како луѓето се држат на формалности кои се својствени за редовни состојби во одвивањето на животот! Како ги релативизираат работите!

Објавив две фотографии, за турканици, безмалку тепачки, пред влезовите на банките. Дополнителната заменичка во МВР „се прослави“ со изјавата дека банките самите треба да направат ред! „Како?“. Безмалку ме направија неинформиран, безмалку неписмен! Те како во „кризниот стожер“ било договорено институциите сами да си го воспоставуваат редот! Те како Славјанка била во право?

Јас не кажав дека не е во право, кога мислиме на формално-правниот аспект. Но, од суштински аспект, не е во право. Најнапред, го премолчи прашањето на Менче Точи! Портпаролот-водител, мораше повторно да ја потсетува!?

Но, тоа е најмалиот проблем. Не можам да разберам, како за партиските војници - од сите бои и дресови, сè е добро што ќе го кажат „нивните“!? Во коментарите ќе ја почувствувате партиската диоптрија и партиската боја во нивните гласови!

Како за случајот со големиот кинески водач Мао. На времето, ја препливуваше Јанг Це, а „20 метри зад него водата беше совршено слатка“!? Ова не е досетка, ова е вистинска информација на партискиот кинески агитпроп (десен пи-ар). Ова добро е да го прочитаат помладите.

Сликата од вчера се повторува и денес. Утре, не дај боже, ќе се тепаат!!!

Тогаш, зошто ни се сите силни полициските часови, ако вака сè уништуваме!? Сè ќе потрошиме! Полициските часови се за да добиеме во време во битката. Успехот се мери во бројот на заштедените денови.

Во неделата се враќав од мојата Црвена Вода. Малку задоцнив за да се вратам навреме - согласно мерките и полицискиот час. Се јавив во полиција. Отворено им кажав дека задоцнив и дека не можам да стигнам, дека малку можеби ќе прекардашам! Дежурниот беше крајно љубезен, рече дека ме разбира, но дека тој не може да ми даде дозвола. Сосема во ред.

На патот, од Ново Село до бензинската пумпа кај Подмоље (тука беше полициската патрола), верувале или не, спроти мене, не се разминав со ниту едно возило!? Само едно, забележав со струшка регистрација, ме претекна. Слика неверојатна.

Така беше и низ Охрид. Речиси никој по улиците. Мртва тишина! Човек да се израдува. Така е преку ноќ.

За жал, не е така преку ден. И натаму деца играат во групи. И натаму пред малите дуќанчиња комшиките пијат кафе една до друга. Во супермаркетите се одржува ред, што се однесува до влезот. Внатре имаат поставено ознаки, за растојание. За жал, на касата - тој зад вас ви дише во вратот! Е, тоа не е веќе работа на менаџерите. Каде што јас пазарувам, нема приватно обезбедување. Вработените сами го создаваат редот. Дисциплината надвор е добра, но не и внатре. Тука е одговорноста само наша.

Одговорноста е наша и кога се туркаме пред банките. Пари ќе има за сите. Ако не денеска – утре. Ако не утре – задутре. Нема оправдување и за тоа што постарите лица не знаат да ги користат платежните картички за да повлечат средства од банкоматите. Ако не знаат тие – знаат нивните синови, ќерки, внуци и внуки. Знаат и други, нека ги замолат, нема да бидат одбиени.

> **Полицијата, кога се во прашање банките, не смее да стои настрана. Тука формалности не помагаат. Приватното обезбедување е само за на вратата и внатре. Што правиме сега со редицава? Се зголемуваат од ден на ден!!!**

Да завршам, ние говориме за вонредна ситуација. Полицијата, кога се во прашање банките, не смее да стои настрана. Тука формалности не помагаат. Приватното обезбедување е само за на вратата и внатре. Што правиме сега со редицава? Се зголемуваат од ден на ден!!!

Не држи објаснувањето на Славјанка дека бројот на полицајците е ограничен и дека се поприоритетни на друго место. Дека таков е договорот! Ангажирана е и војската. Полицијата е секаде каде што е народот. Ако бројката на собирањето се зголемува, пропорционално ќе се зголеми и бројот на полицајците. Тоа е општо правило во светот.

Србите убаво велат: “Нужда закон мења”!!!

# Скопје

**Низ Скопје** Луѓето без дом заборавени на улиците

# Ниеден хотел не се сети да понуди преноќиште за бездомниците

**Состојба** Македонските хотели ги отворија вратите за повратниците од странство кои треба да бидат во државен карантин, но на лицата без свој дом никој не се сети. Ниту еден хотел ниту хостел досега не покажал емпатија за луѓето што мора ноќите во време на епидемија и полициски час да ги поминат на улица.



**Елизабета Д. Спасеновска**

Кан ги отвори вратите, но не за филмската елита, туку за бездомниците, кои немаат каде да се скријат од коронавирусот. Во Лондон хотелите им нудат место за спиење на бездомниците во обид да се спречи ширењето на коронавирусот. Во изминатите зими, во услови на голем студ, неколку локали ги отворија вратите за бездомните животни. Дали заслугата за ваквата великодушност на угостителите треба да се побара во силното лоби на здруженијата за заштита на животни? Којзнае... но, кој да лобира за бездомните луѓе?

И, додека дел од бездомниците во Скопје се сместени во неколку групни домови, има и такви што не се корисници на услугите на Црвениот крст и по автоматизам се оставени на улица. Тие не сакаат сместување, велат надлежните, во ред, но сигурно нема да одбијат сместување во топла соба, барем во услови на вонредна состојба, секако ако им биде понудена.

Екипата на „Слободен печат“ минатата ноќ излезе на скопските улици и посведочи на тажната судбина на повеќемина бездомници, кои засолнети во влезови од згради и под мостови, очекуваа да ги раздени новиот ден.

Македонските хотели ги отворија вратите за повратниците од странство кои треба да бидат во државен карантин, но на лицата без свој дом никој не се сети. Ниту еден хотел ниту хостел досега не покажал емпатија за луѓето што мора ноќите во време на епидемија и полициски час да ги поминат на улица.

Од друга страна, брзото планетарно ширење на коронавирусот, ги затвори границите и ги приземји авионите, со што се оневозможи работата на хотелите. Хотелските соби останаа празни, но ниту на еден менаџер ниту сопственик на хотел или хостел не му падна на памет да им помогне на оние што имаат помалку среќа во животот.

Од друга страна, никој не ги спомена државните сместувачки капацитети. Хотелите на МВР и АРМ низ државава се празни, а периодов празни се и студентските домови, кои би можеле да бидат времено решение за сместување на бездомните лице во време на вонредна состојба и полициски час.

Важно е да се спомене и дека во услови на вонредна состојба, Владата има можност да донесе уредба за згрижување на секоја категорија граѓани во државава.

**Екипата на „Слободен печат“ минатата ноќ излезе на скопските улици и посведочи на тажната судбина на повеќемина бездомници, кои засолнети во влезови од згради и под мостови, очекуваа да ги раздени новиот ден**

**Градот ја следи состојбата.**



Фото Слободен печат / А. Мемети

## Денот на шегата стана ден на снегот во Скопје

Задоцнетиот снег, кој вчера на првиот априлски ден го зафати Скопје, за прв пат никого не изненади. Годинава, кога сите со загриженост ја следат состојбата со коронавирусот, дури ни снегот кој цел ден врнеше, не предизвика реакции на граѓаните по социјалните мрежи, ниту реакција на градските и општински служби.

Од Град Скопје објаснуваат дека согласно со законските обврски на Градот за зимско одржување на улиците, зимската служба е активна од 15 ноември до 15 март.

- Сепак, поради денешните снежни врнежи, екипите на зимската служба на Град Скопје се активирани и будно ја следат состојбата на терен и доколку е потребно ќе интервенираат на т.н. критични точки (високите зони, мостови, подвозници, надвозници). Сите градски улици и булевари се проодни и безбедни и сообраќајот се одвива непречено. Снегот е влажен и веднаш се топи на коловозите – велат од Градот.

Оттаму им порачаа на возачите да возат внимателно и да се придржуваат на условите на коловозите. **(А.С.)**

**Оглас за јавна набавка.**

## Центар со заштеда од 10 милиони денари за струја

Општина Центар согласно со Законот за енергетика и Законот за јавни набавки, објави оглас за јавна набавка на електрична енергија преку Електронскиот систем за јавни набавки, во форма на групна набавка на електрична енергија за потребите на Општината. Во групната набавка спаѓа потрошувачката на електрична енергија на уличното осветлување во надлежност на Општината, основните училишта, детските градинки и ЈП „Паркинзи на Општина Центар“ – Скопје.

– Ваквата стратешки спроведена постапка за набавка на електрична енергија за потребите на повеќе институции во надлежност на Општината, ќе придонесе за заштеда на финансиски средства од околу 10.000.000 денари на годишно ниво, и тоа средства само на Општината, без притоа тука да се пресметани заштедите на училиштата, градинките и јавното претпријатие – вели градоначалникот на Општина Центар, Саша Богдановиќ.

Од Општината објаснуваат дека по одржаната електронска аукција во која учествуваа шест понудувачи, основните училишта, детските градинки и ЈП ПОЦ во Општина Центар, ќе набавуваат електричната енергија по цена од 3.754,00 денари за мегават-час односно 3,75 денари за киловат-час во висока тарифа (ВТ), односно за околу 25 отсто поевтина цена од досегашната.

Дополнително, во ниска тарифа (НТ) електричната енергија ќе се набавува по цена од 2.469,00 денари за мегават-час, односно 2,46 денари за киловатчас, односно за повеќе од 50 отсто поевтина цена од досегашната.

– Со ова покажуваме дека максимално работиме во интерес на граѓаните. Работиме домаќински и штедливо, а овие финансиски заштеди повторно ќе ги намениме за граѓаните на Центар, овозможувајќи им ги најдобрите услови за живот и престој во Општина Центар – вели Богдановиќ.

## Брз струја дел од Карпош и Центар

• Поради планирани технички зафати во електросистемот на градот Скопје денеска од 9 до 14 часот без струја ќе бидат корисниците од дел од Градскиот парк во Општина Карпош, соопшти Регионалниот центар за управување со кризи на град Скопје.

При времен прекин во снабдувањето со струја од 12.30 до 16 часот ќе има и за корисниците од улица „Кузман Јосифовски Питу“ број 15 влез 3 и стопанските и нестопанските објекти во комплексот Скопјанка, во Општина Центар. Од 08.30 до 13 часот ќе немаат струја и корисниците од улица „Кузман Јосифовски Питу“ број 15 влез 2 и стопанските и нестопанските објекти во комплексот „Скопјанка“.

Да го држите гневот во себе е исто како да се напиете отров и да чекате некој друг да се отруе.



**Коронавирус.**

# Речник на поими за полесно следење на пандемијата

**Новиот коронавирус донесе низа непознати термини во секојдневниот говор. Некои се нови, други не се, но тие се користат на необични начини.**

Ви претставуваме некои дефиниции што може да ви помогнат во следење на случувањата во врска со глобалната пандемија со коронавирусот.

**SARS-COV-2:** Новиот коронавирус кој е откриен во Кина кон крајот на 2019 година и кој предизвика глобална пандемија, официјално е наречен SARS-CoV-2



(тежок акутен респираторен синдром – коронавирус - 2). Станува збор за нов тип на коронавирус, кој досега не беше откриен кај луѓето. Тоа не е единственият коронавирус што кружи во човечката популација. Уште четири типа се одговорни за 20-30 отсто од обичните настинки од кои заболуваме веќе со децении. Другите два соја на коронавирус ги предизвикаа епидемијата со САРС (тежок акутен респираторен синдром) и МЕРС (блискоисточен респираторен синдром).

**COVID-19:** Тоа е официјалиот назив на болеста предизвикана од коронавирусот SARS-CoV-2. Ковид-19 е скратено од COronaVIrus Disease-19.

**ПЕРИОД НА ИНКУБАЦИЈА:** Времето од моментот кога човекот ќе се зарази со некоја патоген, како што е вирус, до моментот кога ќе се појават првите симптоми на болеста.

**КАРАНТИН:** Ограничување на движење на лица што биле изложени на болеста, но немаат видливи симптоми. Таквите лица извесно време живеат одделно од другите луѓе во случај да се заразени. На тој начин може да се спречи ширењето на заразата. Карантинот обично трае малку подолго од периодот на инкубација на болеста која е во прашање. Престојот во карантинот може да го наредат властите. Често се користи како синоним за изолација.

**ИЗОЛАЦИЈА:** Ситуација во која докажаните болни луѓе живеат одделно од другите за да не се шири инфекцијата. Во случај на ковид-19, изолацијата би требало да потрае сѐ додека ризикот од ширењето на заразата не е на ниско ниво. Одлуката за прекинување на изолацијата треба да се донесува од случај до случај, во консултација со лекарот и Министерството за здравство. Изолацијата може да ја наредат јавните власти.




**ЈАВНОЗДРАВСТВЕНИ МЕРКИ:** Одлука или активност што има за цел спречување, следење или контрола на ширењето на болеста или заразата, или сузбивање на сериозните ризици за јавното здравје или ублажување на нивното влијание врз јавното здравје. Надлежните може да донесат одлука движењето на луѓето да се ограничи или јавните здравствени власти да мора да го следат нивното движење.

**СОЦИЈАЛНО ДИСТАНЦИРАЊЕ:** Мерки со кои се сака да се постигне луѓето да не одат на места со многу луѓе на кои вирусот би можел полесно да се шири. Во овој случај, надлежните од здравството ги поттикнуваат луѓето да работат од дома, да се откажат од масовните собирања и да одржуваат оддалеченост помеѓу себе од еден до два метри. Радикална мерка е затворање на повеќето компании и фирми и воведување задолжителен престој во домот, освен за неопходни излегувања какви што се набавка на храна, лекови, грижа за трето лице. Ако тие мерки се почитуваат, тие можат да придонесат ширењето на заразата да се забави, односно т.н. „израмнување на кривата“.

**ИЗРАМНУВАЊЕ НА КРИВАТА:** Што побргу расте кривата на инфекцијата, побрзо се оптоварува здравствениот систем над неговите можности, како што се случи во Италија. Ако болеста брзо се шири, секој ден ќе има многу новозаразени и кривата остро ќе расте. А, ако болеста се шири побавно, бројот на нови случаи порамномерно ќе се распоредува и кривата ќе биде пониска и поширока. А, тоа, пак, значи помало оптоварување на здравствениот систем.

**ИЗБИВАЊЕ НА ЗАРАЗА:** Ненадејно зголемување на случаи на некоја заразна болест во човечката популација на ограничено подрачје.

**ЕПИДЕМИЈА:** Ненадејно зголемување на случаи на некоја заразна болест во човечката популација на пошироко подрачје. Ако се прошири на целата земја или континенти и зафати голем број луѓе, се нарекува пандемија.

**ПАНДЕМИЈА:** Епидемија што се проширила на повеќе земји или континенти и зафатила голем број лица.

**Дебелината и коронавирусот.**

# Дали белите дробови на лицата со вишок килограми се почувствителни на ковид-19



• Светските инфектолози зборувајќи за ефектите на коронавирусот и факторите што го зголемуваат ризикот од тешка клиничка слика кога одредена личност ќе се зарази, ја спомнаа дебелината како еден од факторите.

Многубројни истражувања покажале дека околу 60 отсто пациенти во светот кои се наоѓаат на интензивна нега се, всушност, дебели.

Стефан де Херт, поранешен претседател на Европското друштво за анестезиологија, објави досега необјавени податоци од Италија за типовите на пациенти заболени од новиот коронавирус, ковид-19, кои се примени на интензивна нега.

- Просечната старост на сите заразени пациенти е 70 години, а една од заедничките карактеристики на големиот број пациенти е и дебелината – рекол Де Херт.

Дури 63 отсто од пациентите на интензивната нега во болниците во Велика Британија поради коронавирусот, имаат прекумерна тежина, дебели се или се морбидно дебели, пишува во извештајот на НХС кој го објави „Гардијан“.

Истражувањата покажале дека дебелите луѓе мора да се соочат со поголема веројатност дека ќе заболат од многу болести и дека компликациите ќе бидат посериозни.

Лекарите велат дека имунолошкиот систем на дебелите луѓе е нарушен и додека се обидуваат да се заштитат од воспаленијата што ги предизвикува некоја инфекција или вирус, трошат многу повеќе енергија.

Одбранбениот систем на телото има малку ресурси да се брани од новите инфекции како што е ковид-19.

Дебелите луѓе обично не внесуваат доволно влакна и антиоксиданти во својот организам – кои го одржуваат имунолошкиот систем здрав – како овошје и зеленчук. Вишокот килограми им прави притисок и им отежнува на дијафрагмата и на белите дробови да се шират и да вдишуваат кислород. Поради недостиг на кислород, органите почнуваат да пропаѓаат.

Овие фактори можат да објаснат зошто белите дробови на дебелите луѓе имаат тенденција за побрзо влошување кога во организмот ќе влезе новиот коронавирус, пишува, меѓу другото, во извештајот.

Што се однесува до дебелината, не е непознато дека во случаите на епидемија на грипот, страдале луѓето со прекумерна телесна тежина.

# Галерија

**Акција на „Слободен печат“**

## И нашите деца се медиумски ѕвезди на Денот на шегата!

**Ни пристигнуваат голем број фотографии со дечиња маскирани во преслатки и креативни маски за 1 април, Денот на шегата. Овојпат Априлијадата ја правиме во домашни услови, но не им ја скратуваме радоста и забавата на овој ден на нашите најмили. Придружете ни се и вие и испратете ни фотографија од вашите маскирани дечиња, а ние ќе ја објавиме.**

Денеска е 1 април, Светски ден на шегата, кога многумина се трудат со својата досетливост да ги измамат и да ги насмеат другите. Овој ден се одбележува со векови, но неговото потекло е нејасно. Постојат различни толкувања, а едно од нив е дека овој своевиден „народен празник“ се појавил кон крајот на Средниот век во Европа, и претставувал општонародна веселба.

Англичаните мислат дека е преземен од истокот и 1 април го нарекуваат Ден на сите глупаци. Финците го поврзуваат со пролетното подучување на децата за земјоделските работи, а слично е и во Швајцарија. Постојат мислења дека корените на овој „празник“ се во Стариот Рим, кој бил познат и по тоа што неговите граѓани знаеле добро да се забавуваат смислувајќи различни шеги. Други сметаат дека тој обичај се појавил во 16 век во Франција, околу 1564 година, а за оној кој бил „насамарен“ имале обичај да кажат дека добил „априлска риба“. Германците го сметаат 1 април за ден кога се ранливи и овој ден го поврзуваат со денот кога се родил предавникот на Христос, Јуда. Во некои земји, како и во Македонија, постои традиција луѓето да се маскираат за први април.

Годинава, поради коронавирусот улиците не беа преплавени со дечиња, ама затоа Слободен печат ја организираше акцијата Нека бидат и вашите деца медиумски ѕвезди!

Придружете ни се и вие. Ослободете ја целата имагинација и помогнете им на вашите дечиња да направат креативни маски. Потоа, испратете ни фотографии од успешната маскенбалска креација на: isprati@pecat.mk

Повикот за маскенбалска забава трае до недела (5 април). Испраќајте ни фотографии заклучно со 5 април! Најуспешните маски ќе ги објавуваме секојдневно на порталот Слободен печат и на страниците на „Женски печат“ во весникот „Слободен печат“, во вторник (7 април).

Напомена: Родител да ги испрати фотографиите, со име и презиме и возраст на детето.


Андреј Димитровски, 1 година


Лена Митровска, 2 години


Лука и Каја Мининчиќ, 10 и 7 години


Михаела Крстевска, 6 години


Марија Велјановска, 9 години


Милена Ристовска, 2 години


Кристијан Спасеновски, 5 години







Ема Блажеска, 2 години



Бисера Ризвановиќ, 3 години



Димитар и Милена Ристовски, 4 и 2 години





Јована и Јован Николовски, 4 години



Борјан и Евгенија Маринковски, 5 години



Миа и Саша Ивановиќ, 9 и 8 години



Сара и Ања Анастасовски, 11 и 7 години

# Свет

• Кинеската Национална здравствена комисија соопшти дека во последните 24 часа се пријавени 130 асимптоматски примери на заразени лица, со што вкупниот број на такви случаи се искачил на 1.367, кои се под медицинско набљудување. Комисијата наведува дека 35 од новите случаи биле увезени од странство. Во Кина се регистрирани и седум нови смртни случаи во провинцијата Хубеи од последици од ковид-19.

**Гуам** „Теодор Рузвелт“



# Епидемијата ја зафати и американската морнарица

**Не сме во војна, морнарите не мора да умираат. Доколку не делуваме сега, нема да можеме да се погрижиме за нашите највредни, за нашите морнари - напиша капетанот Брет Крозиерв во писмото упатено до Пацифичката флота на американската морнарица**

Заповедникот на американскиот носач на авиони „Теодор Рузвелт“, на кој има повеќе од 4.000 членови на екипажот, побарал итна помош заради епидемијата на коронавирус на неговиот брод.

- Не сме во војна, морнарите не мора да умираат. Доколку не делуваме сега, нема да можеме да се погрижиме за нашите највредни, за нашите морнари - напиша капетанот Брет Крозиерв во писмото упатено до Пацифичката флота на американската морнарица.

Капетанот истакнал дека заразата забрзано се ширела на бродот и дека повеќе од 100 морнари се болни од ковид-19.

- Ширењето на болеста е во тек и се забрзува. Потребни се одлучни акции. Извлекувањето на повеќето персонал од нуклеарниот носач на авиони и нивното изолирање на две недели, може да изгледа како вонредна мерка. Но, тоа е нужно за безбедноста на нашите морнари - напиша Крозиерв и додаде дека е непотребен ризик да се задржуваат над 4.000 млади луѓе на бродот.

Писмото на капетанот прв го објави весникот „Сан Франциско хроникл“, потврдувајќи од свои извори дека најмалку стотина војници се заразени со вирусот.

Американската морнарица соопшти дека прави сè што треба за да се преземат неопходните мерки што ќе го осигурат здравјето на морнарите на бродот, што во моментов е вкотвен во Гуам

Засега не се знае како вирусот влегол на носачот, но најверојатно го внел некој од морнарите во текот на престојот во Виетнам, каде што „Теодор Рузвелт“ беше вкотвен пред две недели.

Морнарицата забрзано работи на изнесувањето на заразените морнари од бродот, а Пентагон тврди дека целиот екипаж ќе биде тестиран на коронавирус.

**Солидарност во време на криза.**

## Руска помош за САД

Портпаролот на Кремљ, Дмитриј Песков, најави дека Русија ќе испрати авион со медицинска и заштитна опрема во САД. Тој додаде дека помошта е договорена во понеделникот за време на телефонскиот разговор помеѓу претседателот на Русија, Владимир Путин и американскиот претседател Доналд Трамп.

Песков наведе дека Русија понудила помош во вид на медицинска и заштитна опрема, свесна за „тешката епидемиолошка ситуација“ во САД.

– Трамп со благодарност ја прифати оваа хуманитарна помош – посочи Песков.

Портпаролот на Кремљ наведе дека Путин нудејќи им помош на САД, имал во предвид, кога американските производители на медицинска опрема обезбедат резерви, да ѝ вратат на Русија на ист начин. Тој додаде дека на таков принцип соработуваат Москва и Пекинг.



**Хрватска.**

## Пад на БДП до 10 проценти?

Ако епидемиолошкиот ризик релативно брзо заврши, негативното влијание врз хрватската економија ќе биде помало, а ако потрае, ќе биде поголемо, а можен е и пад на бруто-домашниот производ (БДП) за десетина проценти, изјави Данијел Нестиќ од загрепскиот Економски институт.

Поради пандемијата на коронавирусот, во Хрватска не работат компаниите, граѓаните помалку трошат, секој трет работник е на минимална плата, а за 14 дена отказ добиле 12.000 луѓе.

– Ова е почеток и треба да се надеваме дека владините мерки барем привремено ќе го запрат растот на бројот на невработени лица - посочи Нестиќ.

Тој додаде дека очекува во вториот дел од годината да нема експоненцијален раст.

– Економијата е посилна од 2008 година, исто така и владините мерки, тука се и средствата од Европската Унија, па верувам дека нема да го достигнеме рекордното ниво од 400.000 невработени, колку што имаше за претходната криза – додаде Нестиќ.

Хрватската влада досега презема помали мерки за заштита на економијата, иако стапката на откази на вработените во реалниот сектор доспеа до 1.000 дневно.

**Научно откритие.**



## Коронавирусот го напаѓа и срцето

Американските научници утврдиле дека од коронавирусот освен белите дробови страда и срцето, објави „Сан“. Во текстот се вели дека ковид-19 може да предизвика сериозни срцеви проблеми дури и кај оние луѓе што претходно немале никакви проблеми со срцето.

Како што истакнале експертите, коронавирусот може да има кобни последици за луѓето што имаат кардиоваскуларни болести, на пример – хипертензија.

– Дури и никогаш да сте немале срцеви проблеми, коронавирусот може да влијае врз срцевиот мускул. Потврдено е дека повреда на срцевиот мускул може да му се случи секому, без оглед дали имал кардиоваскуларни проблеми. Сепак, ризикот е многу поголем кај оние пациенти што веќе имаат дијагностицирано срцева болест – вели Мухамед Маџи од Научно-истражувачкиот здравствен центар во Универзитетот во Тексас.

Тој додава дека заразата со ковид-19 може да предизвика срцев удар кај пациентот, а инфекцијата може да доведе и до воспаление на слузницата на срцето, како и до воспаление на срцевиот мускул.

**Проекција** Независен модел врз основа на податоци од Италија и Кина



Кога земјата ќе влезе во врвот на пандемијата, некаде околу 15 април, ќе бидат неопходни 224.000 болнички кревети за пациенти, дури повеќе 61.000 отколку што имаат САД.

# И со почитување на мерките, ковид-19 ќе покоси десетици илјади животи во САД

**Под претпоставка дека мерките за социјално дистанцирање ќе важат до мај, независниот модел покажува дека до август во САД од ковид-19 ќе починат околу 82.000 луѓе.**

Одлуката на американскиот претседател Доналд Трамп да ја продолжи до 30 април временската рамка на препораките за социјално дистанцирање била донесена откако функционери преразгледале 12 статистички модели, изјави докторката Дебра Брикс, координаторка на Белата куќа за одговор на коронавирусот.

Но, докторката Брикс на прес-конференцијата во Роуз гарден спомна и друг модел, формиран независно, кој укажал дека „завршува со истите бројки".

Таа анализа, која е јавно достапна, открива мачна слика на она што ги очекува САД, дури и со примена на препораките за социјално дистанцирање.

До понеделникот наутро, тој модел предвидуваше дека кон средината на овој месец, секој ден во САД ќе има по 2.000 смртни случаи како последица на коронавирусот. Тој период ќе биде најтежок за САД. А, моделот, чии прогнози се обновуваат секојдневно, предвидува дека кога земјата ќе влезе во врвот на пандемијата, некаде околу 15 април, ќе бидат неопходни 224.000 болнички кревети за пациенти, дури повеќе 61.000 отколку што имаат САД.

Под претпоставка дека мерките за социјално дистанцирање ќе важат до мај, моделот покажува дека до август во САД од ковид-19 ќе починат околу 82.000 луѓе.

- Можете да ја видите нашата загриженост поради зголемениот број на потенцијални фатални случаи – изјави Брикс, коментирајќи го моделот.

Овие анализи се потпираат на податоци од Италија, од Кина и од САД. Врз основа на досегашните искуства, се предвидува развојот на пандемијата.

Како и сите модели, проекциите не мора да се покажат како прецизни, но истражувачите наведуваат дека заклучокот е вознемирувачки: „Дури и со почитување на мерките за социјално дистанцирање, потребите за згрижување пациенти во периодот на врв на пандемијата значително ќе ги надмине капацитетите".

Создаден во Институтот за здравствена метрика и евалуација на Универзитетот Вашингтон, овој модел се потпира на информации од влади, болници и од Светската здравствена организација. За овој модел Брикс зборуваше и гостувајќи на телевизија. Таа им препорача на локалните функционери брзо да реагираат на заканата од коронавирусот и да ги наметнат препорачаните мерки за социјално дистанцирање „за да може да се оди напред заедно и за да се заштитат повеќето Американци". Таа притоа предупреди дека бројот на починати лица може да биде повисок ако сојузните држави не ги следат препораките.

Моделот, на пример, претпоставува дека социјалните контакти ќе бидат ограничени и во текот на мај – затворени училишта, работа од дома и ограничување на патувањата и на бизнисите што не се витални. За сојузните држави што нема да применат барем три од овие четири мерки, моделот предвидува значително надминување на потребите за болнички капацитети, како и зголемен број смртни случаи.

- Нашата проценка дека во следните четири месеци како последица од ковид-19 ќе починат 81.000 луѓе е алармантна. Но, овој број може да биде и значително повисок, ако се преоптоваат капацитетите на здравствениот систем и ако не се спроведуваат строго политиките за социјално дистанцирање во сите сојузни држави – истакнуваат авторите на моделот.

Врвниот американски специјалист за заразни болести, доктор Ентони Фаучи, изјави за Си-ен-ен дека ковид-19 може да однесе многу повеќе човечки животи отколку што е проценето во овој модел.

- Врз основа на ова што го гледаме сега, би рекол дека се возможни 100.000, па и 200.000 смртни случаи. Јас едноставно не мислам дека имаме потреба за проекција, кога конечната бројка е променлива, а лесно може да биде лошо протолкувана – изјави Фаучи.

Експертите вклучени во градењето модели признаваат дека не секогаш податоците што се преземаат од други земји со различни системи, како Ломбардија во Италија и Вухан во Кина, на пример, може да дадат прецизна слика за САД. Во Вухан властите агресивно ги спроведуваа четирите мерки за социјално дистанцирање – затворање на училиштата, на бизнисите што не се неопходни, самоизолација на жителите во своите домови и строго ограничување на патувањата. Истражувачите сметаат дека само три од овие мерки би биле доволни за САД да ја следи траекторијата на заразени и починати слична на онаа од Вухан. Но, возможно е и дека ќе треба да строго да се применуваат сите четири мерки.



**И независниот модел има свое најдобро и најлошо сценарио – до август во земјата може да има најмалку 39.000 смртни случаи од ковид-19, но може да има и 141.000**

Во САД, на пример, сојузните држави не забраниле патувања. Во повеќето региони затворени се училиштата и бизнисите што, освен неопходните, а од луѓето се бара да бидат одговорни и да останат во своите домови.

- Некои сојузни држави и региони направија и повеќе. Тие ги затворија аеродромите и ги забранија патувањата – вели професорот Али Мокдад од Универзитетот Вашингтон.

Низ САД има и рестрикции на доброволна основа, без агресивното наметнување какво што беше во Кина, но се уште не може да се процени дали почитувањето на мерките во САД е подобро од тоа во Вухан.

- Кога се формира модел, се тргнува од низа претпоставки. Моделот е точен колку што се точни претпоставките. Секој модел има гранични сценарија а реалноста е некаде во средината – вели Фаучи.

И моделот во кој се предвидуваат 82.000 смртни случаи во САД има свое најдобро и најлошо сценарио. Наведено е дека до август во земјата може да има најмалку 39.000 смртни случаи од ковид-19, но може да има и 141.000.

Во која насока и да тргне реалната ситуација, јасно е дека болниците ќе бидат преоптоварени над капацитетите. Во њујоршкиот кварт Квинс, на пример, здравствен работник изјавил дека секој се снаоѓа сами-от со заштитна опрема. Во проекциите на болничкиот систем од Мичиген, пак, не се отфрла сценариото во кое приоритетна грижа ќе им биде посветена на пациентите со најголеми шанси да заздрават.

Истражувачите препорачуваат граѓаните да бидат крајно одговорни и да бараат болничка грижа само ако им е крајно неопходна. Тоа би ги зголемило и капацитетите на болнички кревети и би ослободило повеќе персонал за грижа за заразените.

Гувернерот на Њујорк, Ендрју Куомо, изјави дека повеќе од 60.000 здравствени професионалци, вклучувајќи и пензионирани, се пријавиле да волонтираат за да им помогнат на своите колеги. Само во еден ден во минатата недела се пријавиле 10.000.

Таквиот дух, според професорот Мокдад, е многу важен во „војната" со коронавирусот, не само во САД.

- Оваа пандемија јасно ни покажа дека мораме да работиме заедно. Нема ништо добро во тоа што вирусот уништува луѓе и економии, но се надевам дека и во иднина повеќе ќе соработуваме, наместо да ги отфрламе Кина или Иран. Во спротивно сите ќе страдаме. Ова е лекција за сите нас да се здружиме за да спасуваме животи – вели професорот Мокдад.

# Гастрономија

Сами се раѓаме, сами сме во текот на животот и умираме сами. Единствено со помош на пријателите и љубовта можеме да создадеме илузија, дека барем на момент не сме сами.
**Орсон Велс**

**Совет од искусните домаќинки.**

# Како да замрзнете банана



**Доколку сакате да се обидете да замрзнете банана, а притоа да се уверите и дека ќе го има истиот вкус како што го има и свежата банана, излупете ја бананата од лушпа, завиткајте ја во хартија за печење, а потоа ставете ја во ќеса и на крај ставете ја да се замрзне.**

Во последните неколку години луѓето стануваат сè посвесни за влијанието на здравата храна врз организмот. Токму поради тоа, постојано се обидуваат „при рака“ да имаат свежо овошје и свеж зеленчук, кој ќе можат да го консумираат секогаш кога ќе имаат потреба за тоа. Но, поради фактот што одредени видови овошје ги нема во текот на целата година, најлесен начин постојано да ги имаме дома е да ги замрзнеме.

### Складирање плодови

Складирањето свежи плодови како и нивното замрзнување, станува сè поактуелно. Па така, за подготовка на здрави напитоци, луѓето во замрзнувачите знаат да стават малини, капини, јагоди...

Но, тука се отвара дилемата, дали навистина може да се замрзне секаков вид овошје и дали бананата е соодветна за замрзнување?

Имено, иако бананите најчесто треба да се јадат свежи, сепак доколку имате потреба од замрзнат зеленчук како што е бананата за подготовка на вашето утринско смути, во тој случај, слободно можете да замрзнете и банана.

Доколку сакате да замрзнете банана, а притоа да се уверите и дека ќе го има истиот вкус како што го има и свежата банана, излупете лушпата, завиткајте ја бананата во хартија за печење, а потоа ставете ја во ќеса и на крај ставете ја да се замрзне.

Водете сметка кога ги замрзнувате бананите, тие да не се залепени една до друга.

Со вака подготвените банани, секогаш ќе имате при рака од ова исклучително здраво овошје, кога и да решите да си направите ново смути, со кое ќе си го зачувате здравјето и виталноста на телото.

### Како правилно да ги замрзнете другите видови овошја?

Кога станува збор за замрзнување други видови овошја, тогаш постојат одредени правила кон кои треба да се придржувате. Затоа, овошјето што го имате, најпрвин измијте го и исчистете го во ладна или млака вода, како кога го миете и чистите пред да го јадете. Ако замрзнувате јаболка, круши, дињa и праски, треба да ги излупите, а сливите може, но и не мора.

Од овошјето извадете ги семките, па исечете ги на мали парчиња. Помалите плодови, како шумското овошје, можете да ги оставите цели. Вака подготвеното овошје, можете безбедно да го складирате во замрзнувач и да го јадете кога и да посакате.



**Рецепти.**



## Крем-супа со моркови и ѓумбир

**СОСТОЈКИ:**

- 2 лажици маслиново масло
- 1 главица црвен кромид
- 30 грама ѓумбир
- 3 чешниња лук
- 1 коцка за супа
- 8 поголеми моркови
- сок од еден лимон
- 200 милилитри павлака
- сол, црн бибер
- свеж магдонос

**ПОДГОТОВКА:**

Загрејте го потребното количество масло за јадење и во него додајте ги лукот и кромидот што претходно ситно сте ги исечкале. Пржете неколку минути, а потоа додајте ги ренданите моркови, ѓумбирот и коцката супа. Налејте во тенџерето околу 2 литри вода и оставете да се сварат состојките што ги ставивте во неа. Кога чорбата ќе биде готова, тргнете ја од оган и оставете ја малку да се излади. Околу 30 минути подоцна, изблендирајте ги состојките кои сте ги ставиле за подготовка на крем-супата, зачинете и одозгора наросете со сечкан свеж магдонос. Сервирајте ја крем-супата со сок од лимон и со лажица кисела павлака.

## Кокосови топчиња



**СОСТОЈКИ:**

- 200 грама бела чоколада
- 100 милилитри слатка павкала
- 150 грама кокосово брашно
- 50 грама маргарин

**ПОДГОТОВКА:**

Во сад, на оган, ставете ја слатката павлака и загрејте ја. Пред да почне да врие, тргнете ја од оган. Во неа, ставете го маргаринот и мешајте додека не се стопи, а потоа една по една додавајте ги и другите состојки. Убаво измешајте со лажица, а потоа обработете ја смесата со раце. Месете неколку минути, а од смесата обликувајте топчиња. Добиените топчиња со кокос извалкајте ги во кокосово брашно. Пред да ги послужите кокосовите топчиња, оставете ги да отстојат во фрижидер околу еден час.

**Одличен трик.**

# Како кафето да остане топло подолго време



Речиси и да нема човек што кога ќе стане наутро, не си подготвува една шолја кафе. Иако дел од нутриционистите и лекарите ваквата навика ја сметаат за штетна, сепак за многумина овој утринскиот ритуал е важен и се на ставот дека „многу тешко“ ќе ги извршуваат секојдневните обврски доколку рано наутро не се расонат со јако домашно кафе.

Сепак, колкупати ви се случило да си го подготвите кафето, но додека да се подготвите за на работа или, пак, да извршите некоја друга обврска, тоа да се излади, па иако брзате, си подготвувате ново, бидејќи се разбира не сакате да пиете ладно кафе.

Сепак, верувале или не, постои трик како да остане кафето колку што е можно подолго топло, а вие да уживате во неговиот вкус.

За да го направите овој трик, потребно е да ставите врела вода во филџанот во кој планирате по неколку минути да ставите кафе.

Кога кафето ќе биде готово, истурете ја врелата вода од шолјата, а потоа ставете го врелото кафе. Ова ќе ви овозможи најмалку за 10 минути да го продолжите времето за комплетно ладење на кафето.

# Забава

## ВИЦОВИ



**НАТПРЕВАР**

Се натпреварувале Англичанец, Французин и Црногорец.

Англичанецот вели:

- Кога јас ќе викнам од Биг Бен „Да живее Англија“, тоа се слуша уште 15 минути.

Французинот пак, вели:

- Кога јас ќе викнам од Ајфеловата кула „Да живее Франција“, тоа се слуша уште 30 минути.

Го слушнал тоа Црногорецот, се почешал по мустаќите, па рекол:

- Кога јас ќе викнам од брдото „Луѓе, ајде да работиме“, уште еден месец одекнува: „Не тропај глупости, не тропај“!

**ОБДУКЦИЈА**

Се жали пациент кај докторот и бара објаснување:

- Докторе, пред да дојдам тука кај вас, бев кај други лекари и сите тие ми поставија поинаква дијагноза од вашата.

- Да, може да се случи, но обдукцијата ќе покаже дека јас сум во право.

**КАЗНА**

Пијан човек оди по улица, одеднаш застанува среде улицата и почнува да уринира. Полицаецот го забележал што прави и му викнал:

- Срам да ти е! Казна 500 денари!

Пијаниот бара по сите џебови и конечно наоѓа 1.000 денари. Сега полицаецот бара 500 денари да му ги врати. На тоа пијаниот му вели:

- Ајде, олесни се и ти, јас честам!

**ПАРИ**

Пресретнува човек еден господин во костум, го вади пиштолот и му се заканува:

- Дајте ми ги вашите пари!

- Но... јас сум... политичар.

- Добро тогаш, дајте ми ги моите пари!

## Деновиве пред години.







**1724.** Роден е италијанскиот авантурист Џовани Џакопо Казанова де Саингалт, синоним на латински љубовник, една од најколоритните личности во Европа на 18 век. Во текот на бурниот живот бил ученик во верско училиште, секретар на кардинал, венециски поморски офицер, коцкар, алхемичар, виолинист, шпион, библиотекар. Неговите „Мемоари“ се слика за европското општество во епохата во која живеел.

**1805.** Во Одензе е роден Ханс Кристијан Андерсен, дански писател. Пишувал поезија, романи и драми. Напишал 156 приказни. Се смета за творец на реалистичката проза во Данска. Најпознати негови дела се: „Импровизатор“, „Грдото Пајче“, „Приказна на мојот живот“, „Само музичар“, „Сказни“, „Сликовница без слики“, „Во Шпанија“. Умре во Копенхаген, на 4 август 1875 година.

**2005.** Почина поглаварот на Римокатоличката црква папата Јован Павле Втори. За време на 27-годишното понтификување, тој посети 133 земји во 99 патувања, а за светци прогласи 478 свештени лица, додека 1.200 ги беатифицираше. Папата Јован Павле Втори на 19 октомври 2003 година на посебна свеченост ја беатифицира, односно ја прогласи за блажена Мајка Тереза. Првпат во историјата на папството, тој објави книга насловена „Римски триптих“, а напиша и 14 „папски текстови“. Карол Војтила е роден на 18 мај 1920 година во Вадовице, во близина на Краков.

**2006.** Умре вдовицата на атентаторот на Хитлер, Нина Шенк фон Штауфенберг, чиј сопруг се обиде да го убие Адолф Хитлер во атентат во 1944 година, по што бил стрелан. Нејзиниот сопруг, гроф Клаус Шенк фон Штауфенберг, подметнал чанта со бомба под маса, но стол го заштитил Хитлер. На 20 јули 1944 година заговорниците биле стрелани, а роднините, вклучувајќи ја и грофицата Штауфенберг, биле одведени во концентрационен логор. Учесниците на неуспешниот заговор се слават како херои во денешна Германија. Вдовицата на грофот Штауфенберг е родена како бароница Фон Лерхенфелд во 1913 година.

## Занимливости.

# Малезиската влада бара од жените дома да работат нашминкани и да не ги тормозат мажите

• Малезиското Министерство за семејство на Фејсбук објави шокантни упатства за жените што работат од дома за време на карантинот поради коронавирусот.

Владата ги советува жените дома да бидат убаво облечени, нашминкани и да се однесуваат исто како и на работа. Тоа вклучува пристоен разговор со сопрузите, а исклучува саркастични коментари или задевање. Жените исто така не треба да влегуваат во дискусии и расправии со сопрузите кои не сакаат да вршат домашни работи. Ако мажите одлучат да им помогнат, жените мора убаво да им објаснат што да прават без иронични коментари. Покрај сето тоа, се препорачува жените кога разговараат со своите сопрузи, да се обидат да го имитираат гласот на Доремон, лик од јапонските „манга“ филмови.

Соопштението предизвика бес меѓу здруженијата за женски права во Малезија, кои го осудија ваквиот потег на владата, нарекувајќи го дискриминаторски и поразителен за општеството. Во моментов Малезија е рангирана на 104-то место во однос на родовата еднаквост во светот.



# Во Панчево отворен првиот „бурекомат“

• Сопствениците на пекарницата „Станкоски“ од Панчево, Србија, обидувајќи се да ги почитуваат препораките за избегнување директен контакт помеѓу луѓето, а сè со цел да се намали ширењето на коронавирусот, дошле до уникатна идеја, а тоа е да направат „бурекомат“. Со овој начин на работа, пекарницата се погрижила да не ги изложува своите потрошувачи на непотребна опасност и изложување на ризик да заболат од ковид-19 додека чекаат на ред да си купат храна.

– Повикавме мајстор за да ни направи шалтер. На едно место се ставаат парите и се враќа кусур, а под него постои дел каде што се доставува храната. Тоа го направивме затоа што најголемиот број од нашите муштерии се навикнати да купат бурек и да го јадат во нашата пекарница. Меѓутоа, поради ситуацијата со коронавирусот, такво нешто не е возможно. Па затоа, моравме да најдеме решение како да ги задржиме муштериите и направивме бурекомат – раскажала сопственичката на пекарницата, Светлана Радаковиќ, за српски „Блиц“.



## Избор од ТВ-програмата







**23:00** КАНАЛ 5
**Бекстејџ**
естраден магазин

**21:05** 24 ВЕСТИ
**Женски Рај**
играна серија

**23:15** ТЕЛМА
**Сибир**
игран филм

**МТВ 1** вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 09:40 | Си било еднаш |
| 10:30 | ТВ училница |
| 12:15 | Бушава азбука |
| 13:25 | Аграр |
| 17:45 | Тунел |
| 18:25 | Дајте музика |
| 18:55 | Бушава азбука |
| 20:15 | Преспав |
| 23:30 | Игран филм |

**ТЕЛМА** вести 12:30 15:30 18:30

| | |
|---|---|
| 07:00 | Телма Амбуланта |
| 07:55 | 90 минути |
| 11:10 | Топ тема |
| 16:15 | Црвена линија |
| 17:30 | Велвет – серија |
| 19:15 | Вин Вин |
| 20:35 | Топло - ладно – серија |
| 22:15 | Бесрамници – серија |
| 23:15 | Сибир – филм |

**КАНАЛ 5** вести 15:00 18:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Ние и вие |
| 12:00 | Македонски приказни |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Огледало – серија |
| 20:45 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:00 | Забрането јаболко – серија |
| 22:00 | Тажна жена - серија |
| 23:00 | Бекстејџ |

**24 ВЕСТИ** вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07.00 | Македонија денес |
| 10.15 | Фактор Здравје |
| 12.30 | Во Тек |
| 16.00 | Очи в очи |
| 17.45 | Отворено Студио |
| 20.40 | Столици |
| 21.05 | Женски Рај - серија |
| 22.45 | Трилинг |
| 23.20 | Женски Рај - серија |

**СИТЕЛ** вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06.45 | Ја сакам Македонија |
| 10.00 | Дива земја - серија |
| 12.10 | Практична жена |
| 17.00 | Брза кујна |
| 17.50 | Се или нешто |
| 19.40 | Истанбулска невеста – серија |
| 21.00 | Другото име на љубовта – серија |
| 22.00 | Близнаци – серија |
| 23.35 | Полицајци почетници – серија |

**АЛСАТ М** вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Документарна програма |
| 08:00 | Нов ден |
| 11:15 | Со стил |
| 16:40 | Попладне |
| 17:25 | Бескрајна лубов - серија |
| 17:50 | Прости ми – серија |
| 19:45 | Држиме за рака - серија |
| 20:45 | Патот кон... со Арта Тахири |
| 22:00 | Мојата керкичка - серија |

**HBO**



Холмс и Вотсон 17:25

| | |
|---|---|
| 06:00 | Лајло и Стич 2 |
| 07:10 | Маѓепсани |
| 09:00 | Приказна за играчките 4 |
| 10:40 | Младиот Шелдон III |
| 11:25 | Кралот Лав |
| 13:25 | Човек-пајак: Далеку од дома |
| 15:35 | Чиракот на волшебникот |
| 17:25 | Холмс и Вотсон |
| 19:00 | Заговорот против Америка |
| 20:00 | Мистериите на Хејли Дин: Рецепт за убиство |
| 21:25 | Ние сме сонот: Наследството на др. Кинг |
| 22:25 | Пак ти |
| 00:10 | Американски измамници |
| 02:25 | Реставрација |

**HBO 2**



Чудесен парк 14:50

| | |
|---|---|
| 06:00 | Утреземја: Светот потаму |
| 08:10 | ВОЛШЕБНИ ПРИКАЗНИ |
| 09:50 | Морници 2 |
| 11:20 | Во потрага по Аљаска |
| 12:15 | Силициумска Долина VI |
| 13:05 | Враќање во Кристмас Крик |
| 14:30 | Маша и Медо |
| 14:50 | Чудесен парк |
| 16:15 | Алиса во земјата на чудата |
| 18:05 | Мојата генијална другарка II |
| 19:00 | Ќе ми простиш ли некогаш? |
| 20:45 | Фрида |
| 22:45 | Најитно што може |
| 00:15 | Цајканска земја |
| 02:00 | Морници 2 |
| 03:30 | Враќање во Кристмас Крик |



HBO

**ПАК ТИ**

„Пак ти" е филм со многу смеење и чиста забава со ѕвездена екипа од актери и комичари во која се Кристен Бел, Џејми Ли Кертис, Сигурни Вивер и секогаш урнебесната Бети Вајт. Во своите тинејџерски години, Марни била малку чудна. Денес, таа е успешна жена со кариера, но секавањата на малтретирањата од популарната мажоретка, Џоана, уште ѝ предизвикуваат морници. Летајќи дома за свадбата на својот брат, Вил, Марни во ужас дознава дека наскоро ќе й биде јатрва на злобната девојка која порано ја понижувала пред сите ученици. А очигледно е дека нејзината соперничка учела од најдобрите, бидејќи во времето кога мајката на Марни била средношколка, тетката на Џоана го практикувала истиот третман. Сега, кога ќе станат семејство, Марни и нејзината мајка прават сè што можат за минатото да остане минато. Но, старите кавги тешко умираат и додека да почне свадбата, овие стари непријатели веќе ќе создадат неколку интересни приказни за раскажување на внуците.

**ФРИДА**



HBO 2

„Фрида" го прикажува животот на Фрида Кало со Диего Ривера, кога младата двојка го освоила светот на уметноста. Од нејзината сложена и постојана врска со својот ментор и сопруг до нејзината незаконска и контроверзна афера со Лав Троцки, па сè до нејзините провокативни и романтични односи со жени, Фрида Кало живеела смел и бескомпромисен живот како политички, уметнички и сексуален револуционер. Филмот „Фрида" е номиниран за шест „Оскари" во 2002 година, вклучително и на Селма Хаек за најдобра актерка. Ова е филм за една исклучителна жена која живеела незаборавен живот.

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.

• Мало влошување во сферата на финансиите, не треба да се опуштите. Проблеми со работата, работните процеси, подредените и секој што прави нешто за вас. Ќе бидете незаинтересирани за љубов, но исто така и фрустрирани од недостатокот на добри можности. Можна негативна промена во оваа сфера. Ако сте сингл, можно е да ви се допадне некој кој носи униформа.

**Бик**
21.4 - 20.5.

• На професионално поле, загрижени сте за вашите финансии и тоа вложува голем притисок врз вас. Треба да направите некои промени во областа на работата. Ќе се сретнете со личност која може да покаже дека има оригинални и силни чувства за вас. Избегнувајте алкохол и внесување нездрава храна додека сте затворени дома. Бубрезите може да ви бидат чувствителни.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.

• На емотивно поле, имате чувство дека некој размислува сериозно на вас. Забележувате чудни емотивни сигнали или некои скриени пораки. На професионално поле, нема причина да се грижите за различни коментари, затоа што секогаш има некој кој има различни идеи. Важно е да го зачувате личното достоинство и гордост. Обрнете внимание на правилната исхрана.

**Рак**
22.6 - 22.7.

• Ве очекува поволен период во кој ќе успеете да остварите добар однос со пријателите и семејството. Кога е во прашање љубовта, можен е флерт, но не и почеток на врска. Чувствувате дека имате многу сила и задоволни сте од околностите во кои се наоѓате. Можете да се надевате на позитивен период и во љубовта, партнерот ви ја дава целата поддршка.

**Лав**
23.7 - 23.8.

Вие не сте некој кој не го почитува авторитетот, но денес ќе имате проблеми со нив. Ќе го запоставите вашиот љубовен живот и денес тоа не е лоша идеја. Ако веќе сте во врска, можно е несогласување. Во овој период, ќе имате животни грижи што ќе ве спречат премногу да размислувате за љубовта. Имате чувствително здравје. Можни се главоболка и стрес.

**Девица**
24.8 - 23.9.

• Ќе најдете начин да реализирате некоја цел и веројатно ќе треба да го промените првичниот план. На работното место ќе ви се пружат неколку можности. Ослободете се од сомнежите и размислете која да ја искористите. На поле љубов владее вашето его. Обидете се да ја погледнете ситуацијата и од перспектива на партнерот.

**Вага**
24.9 - 23.10.

• Денес ќе запознаете личност која ќе внесе голема доза забава во вашиот живот и поради која ќе се чувствувате многу подобро. Негувајте ја таа врска во претстојниот период, но пуштете ја да се развива природно. Не си создавајте непотребен притисок ниту себеси, ниту на некој друг. Започнете нешто ново – ново хоби, нов проект, нов имиџ, нова физичка активност... Новитетите ќе ве исполнуваат.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.

• Премногу ќе размислувате за грешките од минатото, па обидете се да си простите. Можеби ќе треба да поставите границата во односот со некоја блиска личност. На работното место ќе имате време да ги завршите сите обврски. На поле љубов ќе се истакне вашата храброст. Ве очекува забавна вечера со партнерот. Ценете ги различностите, почитувајте ги туѓите ставови, слушајте совети... Отворениот ум ќе ви го направи животот многу подобар.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.

• На емотивно поле, чувствувате непријатност пред вашата сакана личност. Не давајте погрешни ветувања, прифатете искрен разговор. На професионално поле, новите информации звучат комплицирани и некои соработници не ги исполнуваат вашите очекувања, но добро се справувате со тоа во различни ситуации. Додека седите дома, поради нервоза повеќе консумирате нездрава храна.

**Јарец**
22.12 - 20.1.

• Можно е да имате некои одложувања во врска со работните места што сакате да ги направите денес. Можно е денес да сте под голем притисок и можни се многу проблеми на работа. На некој начин, вие сте затворени во себе и многу тоа ве мачи кога станува збор за полето на емоции. Вие сте во недоразбирање со личноста за која се грижите.

**Водолија**
21.1 - 18.2.

• Пред вас е недела во кој се можно промени. Можно е во врска со некои големи одлуки да делувате брзоплето. На полето на љубовта сте вознемирени и имате мали проблеми со саканата личност. Можно е да имате мали обврски и нестабилности што ве следат. Ако сте сингл, кога ќе е во прашање љубовта, комуникацијата со една интересна личност ќе оди едно ниво погоре.

**Риби**
20.2 - 20.3.

• На емотивно поле, потиснете ја суетата, без многу размислување прифатете ја новата идеја предложена од вашата сакана личност. Усогласете ги мислите и чувствата. На професионално поле имате впечаток дека сте подобро информирани од околината, па категорично одбивате коментари или совети од соработници. Заштитете го со време здравјето, за подоцна да не се каете.




Унгарката Богларка Капас, светска шампионка во пливање, објави дека е позитивна на коронавирусот. Таа им рече на сите да останат дома, бидејќи таа самата, без никакви симптоми, откри дека е заразена и можен преносител на болеста. Била тестирана двапати, првиот пат тестот покажал дека е негативен, но вториот покажал дека е позитивен. Капас освои злато на 200 пеперутка, на СП 2019

# Спорт

**Пливање** Базените затворени, коронавирусот го направи своето



# На суво останаа 700-800 пливачи

**Според Јане Карајованов од нашата пливачка федерација, неминовен е пад на формата кај сите наши пливачи, но тоа донекаде се ублажува со вежби и тренинзи на суво**

Спортот е речиси сто отсто парализиран поради кризата со коронавирусот. Едни од најпогодените се пливачите, што се однесува до условите за тренинг и за одржување на формата додека не мина пандемијава. Имено, базените низ целиот свет, па и во Македонија, се затворени, а тешко е за овој спорт е да се најде замена за пливачки тренинг во некоја друга активност на суво.

Според Јане Карајованов, некогашен маратонец, а сега член на Стручниот одбор на нашата пливачка федерација, сите наши пливачи се на суво и се снаоѓаат со разни тренинзи за колку толку да останат во форма, додека кризата не мине и не се вратат во вода.

- Сите пливачи паузираат, нема каде да пливаат. Тоа се однесува до пливачите во Македонија. Во комуникација сум со Евгениј Поп Ацев и Марко Блажевски и тие не се активни во вода – вели Карајованов. Маратонецот Поп Ацев живее и тренира во Велика Британија, а Марко Блажевски е во САД.

- Добро е што Олимписките игри во Токио се одложени, па психолошкиот товар малку е намален. Но, не знаеме кога повторно ќе стартуваме со работа во вода и тоа е тешко – вели Карајованов. Според него, во моментов на суво се околу 700 до 800 пливачи од сите возрасни категории од 22 клуба во Македонија. Од тоа вистински пливачи – натпреварувачи се 100 до 150.

Пливањето е спорт во кој и најмала пауза од тренажниот процес се одразува на формата. Според Карајованов, не се знае колку оваа огромна пауза ќе влијае на формата, но пливачите ја заменуваат со тренинзи на суво.

- Не можеме сега да претпоставуваме колкав ќе биде падот во формата, затоа што не знаеме кога би почнале со тренинзи. Сепак, сите вежбаат, трчаат, возат велосипед, така што го намалуваат тој пад на формата колку-толку. Ќе има падови и ќе биде тешко, тоа е сигурно. Но, така е во целиот спорт денес. Психолошки ќе бидат подготвени затоа што ќе очекуваат да имаат пад – вели Карајованов за моменталната состојба со пливањето во Македонија.

**Ракомет** Легендата донесе тешка одлука

## Арпад Штербик се пензионира




Поранешниот член на Вардар донесе тешка одлука, дуелот против екипата на Татабања во Унгарија беше последниот во неговата кариера како професионален ракометар. Еден од најдобрите ракометни голмани на сите времиња Арпад Штербик се повлече од ракометот. Штербик, кој е роден во Србија, од 2018 година го носи дресот на Веспрем, а во тековната сезона во унгарското првенство за него ќе биде и последна во кариерата, со оглед на тоа што најави повлекување. Се одлучи и дефинитивно на тоа поради пандемијата на коронавирусот.

– Тешко ми е повторно да се активирам и да бранам по долгата пауза. Дуелот со Татабања беше последниот што го одиграв во кариерата. Жал ми е што нема да бидам во можност да одиграм уште еден фајнал-фор од Лигата на шампионите. Сакав да освојам уште една титула европски шампион – рече Штербик. Пред да се врати во Унгарија во 2017 година успеа со Вардар да го освои трофејот во ЛШ. Освен таа титула, има уште три во кариерата, со многубројни медали на клупско и репрезентативно ниво. За Шпанија играше во 2008 година, а во 2005 беше прогласен за најдобар ракометар на светот.

**Тенис.**

## Мартина Хингис: Сега се тешки времиња, останете силни

Петкратната освојувачка на грен-слем трофеи Мартина Хингис, која во 1997 година на 16-годишна возраст беше на врвот на ВТА ранг-листата, се потсети на своите најголеми успеси.

– Пред 23 години, станав најмладиот прв рекет. Сега сме во тешки времиња, тешко е да се радувам. Можам да замислам само колку луѓе страдаат во моментов. Треба да останете силни - вели швајцарската тенисерка. Хингис (39) победи на Австралија опен

три пати (1997, 1998 и 1999 година) и по еднаш на Вимблдон (1997) и УС опен (1997).

– Можам да замислам само колку луѓе страдаат во моментов. Треба да останете силни - вели швајцарската тенисерка.

Хингис (39) победи на Австралија опен три пати, и по еднаш на Вимблдон и УС опен.

**Фудбал** Во „Методија Митевски – Брицо“ горди на својот ученик

# Тихомир Костадинов донатор на болницата во Гевгелија

**Македонскиот фудбалски репрезентативец, играч на словачки Ружомберок, поранешен ученик на спортската гимназија, Тихомир Костадинов, донираше средства и го опреми детското одделени во Општата болница во Гевгелија**

Македонскиот фудбалски репрезентативец, играчот на словачкиот клуб Ружомберок, поранешен ученик на спортската гимназија, Тихомир Костадинов, донираше средства и го опреми детското одделени во Општата болница во Гевгелија. Со тоа во овие исклучително тешки времиња, успеа да нè направи многу горди, велат од спортската гимназија „Методија Митевски – Брицо“.

Сето ова уште еднаш нè потсетува дека спортот придонесува и помага на она што родителите го започнале, тоа е градење на севкупната личност кај децата и дека спортистите се луѓе го огромно срце. Тихо е човек со огромно срце.

- Фудбалер, одличен ученик, неверојатно воспитано и одговорно дете, човек пред сè - тоа се зборовите што први ѝ паѓаат на памет на класната на Тихо, која е особено горда на овој ученик и се заблагодарува јавно на неговите родители, затоа што успеале да израснат ваков човек, кој нè прави горди сите нас.

- „ЈЗУ Општа болница - Гевгелија“ јавно му се заблагодари на Тихо за овој несебичен и хуман гест на своите профили на социјалните мрежи, а ние во името на спортската гимназија „М.М.- Брицо“ - Скопје му се заблагодаруваме што успеа да биде нашата светла точка и да нè направи навистина горди. Му посакуваме многу успешна кариера на нашиот ученик Тихо, а ние продолжуваме да вложуваме во децата, кои се надеваме дека ќе ги следат неговите постапки.



**Ракомет** Руското крило зборува за европскиот шампион




# Тимур Дибиров: Му помагам на Вардар во тешките моменти

**Македонскиот клуб му помогнал на Дибиров да го оствари својот сон, титула во ЛШ, а Русинот сака да му се оддолжи на колективот во тешкава ситуација**

Левото крило Тимур Дибиров е еден од најпопуларните ракометари на Вардар, а воедно и еден со најдолг стаж во црвено-црниот дрес од оние што се во сегашниот состав. Дибиров секогаш ја докажувал својата верност кон европскиот шампион и кога клубот минувал низ најтешките моменти. Тоа навивачите знаат да го ценат, Русинот секогаш бил омилен кај фановите. Во интервју за „7 метри“, Дибиров зборува за неговите години минати во Вардар.

- Мојата животна цел беше да ја освојам титулата во Лигата на шампионите, иако знаев дека тоа не е лесно. Клубовите што играат таму се посилни од националните селекции и се игра на високо ниво. Не можев да поверувам дека мојот сон стана реалност, но само јас знам колку труд, трпение и емоции вложив за да стигнам до врвот – вели рускиот репрезентативец. Вардар му помогна на Тимур да го оствари својот сон. Вардар сега минува низ тешка финансиска криза, а како капак на целата ситуација дојде и проблемот со коронавирусот.

- Тешка е ситуацијата сега, но Вардар ми помогна мојот сон да стане реалност и јас сум многу благодарен за сите моменти минати тука. По сè што поминавме, јас морав да останам и да му помогнам на клубот во тешките моменти - вели Дибиров.

Русинот има многу трофеи, еден е од најдобрите во светот. Има две титули во Лигата на шампионите, четири трофеи во СЕХА-лигата, пет титули во македонското првенство. Ретко кој може да се пофали со таква збирка. Како Дибиров станал ракометар, открива во интервјуто.

- Во местото каде што живеев, немаше други спортски клубови, освен ракометен, па како и многу деца, така и јас почнав да тренирам ракомет - вели Дибиров. Но тоа бил почетокот, а талентот избил на површина и Дибиров наскоро се пробил во врвот. Тој дебитираше во ЛШ пред 16 години.

- Тоа е незаборавно искуство. Беше во 2004 година, кога дебитирав на дуелот меѓу Чеховски медведи и Горење Велење, а постигнав еден гол. Тогаш за Горење играа Момир Илиќ и Вид Кавтичник – вели Русинот.

**Ла лига**

## Првенството продолжува во јули пред празни трибини

Сопствениците на ТВ-правата во Шпанија најавија дека првенството ќе продолжи во јули и тоа без присуство на гледачи Поради пандемијата на коронавирусот, фудбалот во Шпанија беше сопрен на 10 март, а сите натпреварувања се суспендирани на неодредено време. Иако Шпанија заедно со Италија се двете најпогодени европски земји од коронавирусот, доаѓаат најави што велат дека фудбалската топка ќе почне да се тркала на лето.

– Очекувам првенството да продолжи во јули, нормално без навивачи. Пред да се продолжи Ла Лига, екипите ќе организираат и подготовки – вели Жауме Роурес, извршен директор на компанија што ги има ТВ-правата за Ла Лига на територија на Шпанија, кој открива како би се прекинало првенството на 11. кола до крајот.

– Доколку некој од фудбалерите е позитивен на ковид-19 кога ќе продолжи првенството, тогаш сезоната ќе биде завршена. Мора да направиме се за да не дојде до такво нешто. Не верувам дека е премногу тешко да се распоредат 11 натпревари во два месеца. Доколку не се доигра сезоната, загубите ќе изнесуваат 700 милиони евра.

Лидер на табелата во Ла Лига е Барселона со 58. бода, два повеќе од Реал Мадрид.

**Шпанија .**

## Синдикатот на фудбалери против играње на секои два дена

Асоцијацијата на шпански фудбалери (АФЕ) е незадоволна што некои клубови ги намалија платите за играчите за време на паузата во сезоната поради пандемијата на коронавирус. Од друга страна, клубовите излегоа со објаснување дека намалувањето на платите е направено според протоколот, што го овозможува таквиот потег во посебни случаи.

Исто така, АФЕ се незадоволни од предлогот, по продолжување на сезоната да се играат натпревари на секои два дена, бидејќи во регулативата се вели дека мора да има пауза од најмалку 72 часа помеѓу натпреварите.

**Германија.**

## Нојер сака да остане во Баерн

Голманот на Баерн Минхен, Мануел Нојер, претпочита да го продолжи договорот со германскиот шампион, наместо да замине во Челси, пренесуваат медиумите во Германија. На 34-годишниот голман има му истекува договор со клубот од „Алијанц Арена“ во 2021 година, а лондонскиот тим сака да ги привлече во составот.

Според последните информации, Нојер одбивал да го обнови договорот со Баерн, но германскиот репрезентативец се надева дека ќе дојде до договор. „Скај Германија“ тврди дека Нојер претпочита да остане во Минхен, наместо да се пресели во Челси.

Преговорите меѓу двете страни се очекува да продолжат по решавањето на ситуацијата со пандемијата од коронавирусот. Нојер има седум германски титули и една Лига на шампиони со Баерн по неговиот трансфер од Шалке 04 во 2011 година.



**Англија.**

## Ешли Кол врзан и ограбен во својот дом

Поранешниот фудбалер на Челси, Ешли Кол, се соочил со вистински хорор во својот дом откако арамии го нападнале и го ограбиле. Според англиските медиуми, маскирани крадци влегле во живеалиштето на Кол, му се заканувале, па го врзале за столче, но не го повредиле физички. Криминалците украле вреден накит и си заминале.

Полицијата брзо пристигнала во домот на Кол откако била известена за грабежот.



## Скандинавски крстозбор

**30 минути**




РЕШЕНИЕ: ДЕКОЛОНИЗАТОР, АКТ, ИЛУМИНАТОРИ, ОТРОВ, НИКОЛА, АРАШИДИ, ЛИ, ОНОРЕ, ИМАНИТЕ, ПОД, СОЧИ, КВИН, НАНТЕР, ЦАР, КОЛАН, БАЛДАХИН, У, БАСЕН, МО, АЕРАТИ, АРАР, ПРОМИЛИ, НАР, Ш, УТАРЕ, ВАЛИЈА, НИЦА, СИЊАНА, ВОДАРКА, АН

## Шах

**ПРОБЛЕМИ ВО ДВА ПОТЕГА**







## Мозаичен крстозбор

**15 минути**



**5 букви:** АЗОРИ, АЛКАР, АСНОМ, ГРЕТА, ЕСНАФ, НАЛЕТ, ТЕМПО, ТЕРОР
**6 букви:** АНДРАШ, ЕДРЕНЕ, ЕМПОЛИ, ИМПАЛА, ЛУДОСТ, МАЛАВИ, МАНТИЛ, МЕРМЕР, САТИРА
**7 букви:** АЛЕМАНИ, АНТАНТА, АРБИТЕР, КОШТАНА, МИЛАДИН, НАМЕТКА, РЕФЕРАТ, СТАДИОН, ТЕКСТИЛ, ТРАФИКА, ТРЕНИНГ
**8 букви:** АВСТРИЈА, АЛИКАНТЕ, КСЕНОТИП, НЕГОТИНО, СИРИМАВО, ТРАЈАНКА
**9 букви:** ГАРДЕНИЈА, МОСТАРИНА, РЕПЕРТОАР
**10 букви:** ГЕОГРАФИЈА, МАРГАРИТКА, РАВАЛПИНДИ, СТРАТЕГИЈА, ТЕРМИНАТОР
**11 букви:** ФАТАМОРГАНА

## Судоку

**15 минути**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4 | | | 7 | | 3 | 9 | 1 |
| | | | 9 | | 4 | | 6 | |
| 5 | | | | | | | | 7 |
| 6 | | | 5 | | | 7 | | |
| | | 1 | 6 | 9 | 3 | 8 | | |
| | | 2 | | | 7 | | | 9 |
| 2 | | | | | | | | 6 |
| | 6 | | 4 | | 1 | | | |
| 9 | 1 | 8 | | 2 | | | 3 | |

Решение: 846275391127934568593168247689542713751693824432817659274359186365481972918726435

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 2 | | | 9 |
| | | | 7 | 8 | | | 1 | 2 |
| 2 | | 4 | 9 | 3 | | | 8 | |
| 4 | | 7 | | | 9 | | | |
| | | 5 | | 4 | | 2 | | |
| | | | 6 | | | 5 | | 4 |
| | 7 | | | 6 | 4 | 1 | | 8 |
| 1 | 4 | | | 9 | 7 | | | |
| 8 | | | 5 | | | | | |

Решение: 758412369693785412214936785467259831985143276321678594579364128142897653836521947

# ИТАЛИЈАНСКИ КРСТОЗБОР



**Решавачот сам ги пронаоѓа црните полиња. Бројот во заградата, на крајот од описот, покажува колку црни полиња има во еден ред. Распоредот на црните полиња не е симетричен.**

**ХОРИЗОНТАЛНО:**

**1.** Тага по родниот крај – Вид електрична греалка **(1);**
**2.** Вид декоративно растение – Антички спартански крал – Одред на старата македонска коњица **(2);**
**3.** Најголемиот борец за рамноправност на Црнците во Америка – Вода (лат.) **(1);**
**4.** Скапоцен камен, ахат (тур.) – Американски тенисер Роско – Месец во годината **(3);**
**5.** Град на Пелопонез (Грција) – Вид поситни печатарски букви – Највисок планински врв на светот (Монт ...) **(2);**
**6.** Личност од Вердиевата опера „Дон Карлос“ – Името на сликарот Муезиновиќ – Вид ткаенина – Кратенка за радиус **(3);**
**7.** Египетска божица на небото, мајка на Озирис – Автознак за Тетово – Род јужноамерикански примитивни птици – Ракометен сојуз на Македонија (скр.) – Јоана Поповска (иницијали) **(4);**
**8.** Јапонски начин на аранжирање цвеќе – Италијански пијанист Алдо – Повторно **(2);**
**9.** Арашид – Отрови на кои по хемиски пат им се отстранети отровните својства **(1);**
**10.** Италијански поет Данте – Водна или шумска самовила во словенската митологија **(5);**
**11.** Хемиски знак за тербиум – Боксерски сојуз на Македонија (скр.) – Вид цвеќе (мн.) – Река во Украина – Автознак за Кавадарци **(4);**
**12.** Град во БиХ – Млечен сок од семе на афион – Машко име **(2);**
**13.** Навивки – Месечна заработувачка – Марка германски автомобили **(2).**

**ВЕРТИКАЛНО:**

**1.** Број од кој се вади друг број – Боцка **(1);**
**2.** Вид јапонски театар – Вид неотровна змија (змиски цар) **(1);**
**3.** Збирка стрипови – Гоце Влахов (иницијали) **(1);**
**4.** Вид лепило – Град во Шпанија **(1);**
**5.** Мерка за земјиште (мн.) – Свирач на ситар (мн.) **(1);**
**6.** Вид фланелска памучна ткаенина – Загатки **(3);**
**7.** Вид птица (мн.) – Името на словенечкиот композитор Сос – Хемиски знак за касиопиум **(2);**
**8.** Отпорност на болести – Името на кант-авторот Монтено **(1);**
**9.** Кратенка за југ – Стручњаци за термика – Автознак за Австрија **(2);**
**10.** Материи предизвикуваат алергија – Посед **(1);**
**11.** Хемиски знак за ербиум – Островот на Одисеј – Извик при скокање **(3);**
**12.** Тропско дрво – Кинеска мерка за тежина – Золтан Илин (иницијали) **(3);**
**13.** Град во Шкотска – Збирка на папски одредби (були) **(1);**
**14.** Направа за чистење на памуковото семе од влакната – „International Telecommunications Union“ (скр.) – Името на артистката Вест **(2);**
**15.** Совесност, чесност во работата – Кратенка за регистар **(1);**
**16.** Египетски бог Амон – Жител на Мексико **(1);**
**17.** Кратенка за исток – Машко име – Името на кантавторот Димитров **(2);**
**18.** Името на поранешниот фудбалер Мујкиќ – Боја во картите – Теодор Драјзер (иницијали) **(2);**
**19.** Името пејачот Присли – Машко име **(1);**
**20.** Лоша миризба, смрдеа – Морници – Кратенка за Авто-мото сојуз **(2)**

# М О З А И К



**5 букви:** ***ВИСКИ, ЗОМБИ, ЗОРКА, ЊУМЕН, ОЧИЛА, ПРОСО, РЕЗОН, РИТАМ***
**6 букви:** ***АЛБИОН, ИСТРЕЛ, КИСЕЛО, КРЕВЕТ, МУМБАЈ, РЕАЛКА, ТРАЕЊЕ, ТРИМИР, УТРИНА***
**7 букви:** ***АНА МОФО, ЗАМЕНКА, ЗАПИРКА, КЛАТЕЊЕ, КЛИНКЕР, НЕМОРАЛ, ОБЛОМОВ, ПОЛЗЕЊЕ, ПОЧИНКА, РОНДЕЛА, САРАТОВ***
**8 букви:** ***АБОНЕНТИ, НЕГАТОРИ, ОДАЛИСКА, РЕВОЛВЕР, ТЕСАЛИЈА, ФИЛИПИНИ***
**9 букви:** ***КОНТРОЛОР, КРИНОЛИНА, ОПЕРАЦИЈА***
**10 букви:** ***КЛИСТИРАЊЕ, КОКОШАРНИК, КОМПАРАТИВ, ЛИТЕРАТУРА, САМОСТОЈНО***
**11 букви:** ***АПЛАУДИРАЊЕ***

# Д О М И Н О   К Р С Т О З Б О Р

**ДОМИНО ПЛОЧКИТЕ ДАДЕНИ ПОКРАЈ КРСТОЗБОРОТ РАСПОРЕДЕТЕ ГИ НА СООДВЕТНИТЕ МЕСТА ВО МРЕЖАТА ЗА ДА ДОБИЕТЕ ПРАВИЛЕН КРСТОЗБОР. КАКО ПОМОШ ПРИ РЕШАВАЊЕТО, ДАДЕНИ ВИ СЕ НЕКОЛКУ ЦРНИ ПОЛИЊА И СЕ ВПИШАНИ НЕКОЛКУ БУКВИ.**



| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Т | А | В | Н | И |
| А | Н | О | И | К |
| К | А | Д | Е | ■ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ■ | К | А | Н | Ц |
| П | О | С | Т | Е |
| О | Н | Т | Е | Р |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| И | К | ■ | И | В |
| С | Т | И | Л | А |
| Т | ■ | Р | И | С |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Е | Н | О | Н | А |
| К | А | Р | ■ | Њ |
| А | Т | Е | Ќ | Е |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Д | Н | И | ■ | Р |
| О | Т | С | К | И |
| В | Е | ■ | А | Р |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| П | Р | Е | Т | С |
| Р | ■ | П | А | Р |
| Е | Р | ■ | С | Е |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Е | Ј | ■ | М | А |
| Л | А | Б | И | Л |
| С | ■ | А | Н | Т |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Т | Е | Ц | ■ | М |
| С | А | В | А | ■ |
| Е | ■ | Р | О | К |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Д | Е | С | Н | О |
| А | Н | Т | И | ■ |
| Т | Е | О | ■ | М |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ■ | О | Н | А | ■ |
| А | Б | О | Л | Е |
| Т | И | Б | А | Б |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ш | Т | В | О | ■ |
| ■ | Р | А | Н | И |
| М | А | Т | ■ | Р |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Т | О | Ч | К | О |
| В | А | К | ■ | З |
| А | Р | А | Б | А |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Л | Т | Е | Р | ■ |
| Н | О | ■ | И | М |
| О | ■ | И | ■ | А |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| О | Р | А | ■ | Д |
| В | Т | ■ | П | А |
| О | ■ | Н | А | Н |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Е | Л | А | Р | ■ |
| Р | ■ | К | И | П |
| ■ | А | Л | К | А |

# КРСТОЗБОР СО ПРЕЧКИ



## ХОРИЗОНТАЛНО:

**1.** Жител на област на Блискиот Исток;
**2.** Името на артистката Бенинг – Месо без коски;
**3.** Плашење – Мостра, урнек;
**4.** Тричлен алгебарски израз – 'Рт во Португалија, западно од Лисабон;
**5.** Лут корен – Дел од облека, без ракави – Главен град на древна Феникија;
**6.** Мери Астор (иницијали) – Кратенка за електрокардиограм – Посетители;
**7.** Автознак за Австрија – Осигурување, сигурност (мн.) – Кратенка за метар;
**8.** Пустински волк, којот – Спис, документ – Модел на „Форд“;
**9.** Турски достоинственик – Името на хрватската артистка и комичарка Ержишник – Единица за јачина на звук;
**10.** Нож со две сечила – Вид многу фина ткаенина;
**11.** Името на ТВ водителката Спировска – Името на познатата светска манекенка Кемпбел;
**12.** Риболовци – Вештачка кожа;
**13.** Наша пејачка група.

## ВЕРТИКАЛНО:

**1.** Солено и сушено овчо месо – Латинско-американска пејачка;
**2.** Влез, претсобје (мн.) – Првиот руски космонаут, Јуриј;
**3.** Град во егејскиот дел на Македонија – Митски син на Зевс и Егина, еден од тројцата судии на подземјето – Едноклеточно животно;
**4.** Безбоен запалив гас – Филмско платно – Ситна индиска пара (1/16 од рупија);
**5.** Автознак за Скопје – Најдолга река во Европа – Основен прехранбен артикл – Уметност (франц.);
**6.** Трчање – Името на артистката Рајан – Дрвена влечка – Иво Андриќ (иницијали);
**7.** Вешт, лукав – Геометриско тело, хексаедар – Кратенка за телеграфската агенција на поранешниот Советски Сојуз;
**8.** Жител покрај Нил – Најаден – Преградок во маса, регал (мн.);
**9.** Припадници на џиновско библиско племе – Планина во Србија, јужно од Белград;
**10.** Село близу Битола – Облека на поп.

# ВОЛШЕБЕН ЛИК



**ВА, И, КА, КРА, КУ, ЛА, ЛЕЦ, МА, НА, НИ, РАНТ, РЕ, РИ, РИ, СА, СКА, СТО, ТА, ТО, ТУ, У, ЦА**

**Хоризонтално и вертикално: 1.** Вулкански остров во Индонезија; **2.** Лекувачи, оздравувачи; **3.** Вид инсект; **4.** Ученик на последна година во средно училиште; **5.** Столарски производи (мн.); **6.** Каша од брашно




| | |
|---|---|
| Скопје | 89,7 |
| Битола | 106,0 |
| Штип | 103,0 |
| Струмица | 106,0 |
| Охрид | 105,4 |
| Тетово | 101,9 |
| Гевгелија | 101,5 |

КАНАЛ 77
МАГИЈА ВО ЕТЕРОТ
\KANAL77
#KANAL77
RadioMrezaKanal77
\KANAL77

Ова е место за вашите
**мали огласи**
купи, продај, барај, најди...
По цена од само
**240 денари**
неделно
Информации на телефон
389 **02 55 11 763**


• **БАРАМ** поефтина куќа / викендица со миниумум 1000 м² двор / земја во Скопско со имотен лист, струја, вода и канализација. ✆ **077/427-150**

• **КУПУВАМ** стан до 45 м², до втори-трети кат по можност да има лифт, во реон Ѓорче Петров, Влае, Хром. ✆ **070/230-326**

• **ПРОДАВАМ** куќа во населба Карпош 1 (позади БУГАТИ спроти хотел „Монако") ул.Беџжих Сметана бр.8 плац 330 м², станбена површина 330м², 165 м² по спрат. Цена 297.000 евра. ✆ **070/206-997**

• **СЕ ПРОДАВААТ** два прага (лев и десен) за Пунто 2. Чичка нови! Цена: 100 евра. ✆ **070 328 932**

• **СЕ ПРОДАВА** стан од 45м² во строг центар на Гевгелија, со поглед на плоштад. ✆ **078/625-509**


секогаш на страната на народот

**WWW.SLOBODENPECAT.MK**


**НЕКРОЛОЗИ** | Тел: (02) 55 11 763


**Можете да нè најдете на адреса**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.**
на нова локација во ГТЦ




„Кеј 13 Ноември", ГТЦ втор кат, локал 12 Д.Е.235, 1000 Скопје

**работно време: понеделник - петок 8:30 - 16:00**

**НЕКРОЛОЗИ**

**ЦЕНИ** НА ОБЈАВА ВО „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ"

- (4,25см x 7см) = **400 денари**
- (8,5см x 7см) = **1.000 денари**

Доколку сакате некролот да излезе во утешниот број, ве молиме фотографиите и текстот да ни ги доставите најдоцна до 13 часот.

Контакт-телефон: **(02) 55 11 763**




**ТАЖЕН ПОМЕН**

**НАУМОСКА БРАТИЦА**
2.4.2017 – 2.4.2020

Изминаа три години исполнети со тага и празнина. Секогаш ќе останеш во нашите срца и мисли.

Од фамилијата

СП.
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
Мозаик

**Четврток 2 април 2020**
Број 1925 | Година VIII

**Најава.**

## Алтернативно шоу наместо откажаниот Евросонг

• На денот кога требаше да се одржи финалето на сега веќе откажаниот овогодишен Евросонг, наголемо се најавува одржување на алтернативно телевизиско шоу, кое ќе има за цел да ги обедини сите земји во време на пандемијата.

Телевизиското шоу насловено како „Europe Shine a Light“ ќе се емитува во сабота на 16 мај, односно на денот кога требаше земјите учеснички што се пласирале во финалето, да ги пеат своите песни, објави ЕБУ на својата официјална




веб-страница.

„Ги покануваме сите телевизии што требаше да учествуваат на натпреварот за Песна на Евровизија, членовите на ЕБУ и другите земји, да ја емитуваат оваа програма во дух на единство и заедништво“ – стои во соопштението.

Шоуто е замислено така што четириесет и еден изведувач, 40 од Европа и еден од Австралија што требаше да настапат во Ротердам, да пеат некој хит што бил изведен на Евровизија, но тоа да го направат секој од својата земја.

Инаку, овогодишната Евровизија, која требаше да се одржи во Ротердам, Холандија, беше одложена поради коронавирусот и можноста дополнително да се прошири, поради присуството на голем број учесници од најразлични земји на шоуто, како и поради нивните обожаватели и поддржувачи во публиката.

**Ендру Џек** 76 години

# Актер од „Војна на ѕвездите“ почина од коронавирус



• Актерот од филмскиот серијал „Војна на ѕвездите“, Ендру Џек, почина на 76-годишна возраст, од последици од заразата со коронавирус. Веста за Ти-ем-зи ја потврди неговиот портпарол Џил Мекуло. Неговата сопруга не можела да биде со него, бидејќи е во карантин во Австралија.

Џек работел на нов филм за Бетмен како тренер по говор пред да почине, а во јавноста најмногу се памети по неговата улога како Калуан Емат во „Војна на ѕвездите“. Тој работел и во многу други филмови како „Одмаздници“, „Шерлок Холмс“, „Господар на прстените“ и „Луѓе во црно“.

Многу колеги и обожаватели се збогуваа со него преку социјалните мрежи. „Жал ми е многу кога слушнав дека Ендру Џек, учителот за говор на “Господарот на прстените’ и ‘Војна на ѕвездите’, починал. Почивај во мир“, напиша актерот Киран Шах.

**Британскиот водител згрозен од себичноста на познатите личности.**

# Пирс Морган: Моите топ 20 „корона идиоти“!

**Коронавирусот многумина ги направи херои, но многумина ги направи и ужасно себични. Ова се моите топ 20 „корона идиоти“. Зарем не е смешно што се богати и славни истовремено, рекол британскиот новинар, водител и колумнист Пирс Морган (54), кој објаснува дека токму кризата го открива најдоброто и најлошото во луѓето.**



Пирс Морган е трогнат од несебичната работа на лекарите во оваа ситуација. Тој, исто така, е импресиониран од работата на другите луѓе, кои помагаат на кој било начин во борбата против пандемијата на коронавирусот. Но, не му се јасни славните личности, кои се обидоа да ја искористат оваа ситуација за лична корист.

- Еве ги моите 20 негативци! Сите треба да се погледнеме во огледало и да се запрашаме зошто тие го направија тоа - вели Морган. Да започнеме по ред.

„Жената чудо“, Гал Гадот (34) и нејзините славни пријатели го искомплицираа видеото во кое требаше да се испее песната „Imagine“, но наскоро тоа стана гнасотија што нè исмева сите нас. Ужасно пеење и самопромоција, а пораката на оригиналната песна на Џон Ленон е да се замисли свет без граници. Да ги гледаме ѕвездите како го пеат ова од своите милионски куќи беше навистина лицемерно.

Според Мадона, голем придонес во борбата против коронавирусот требаше да биде видеото во нејзиниот раскошен дом од 20 милиони долари, каде што лежи гола во када со ливчиња од роза опкружена со свеќи, зборувајќи за вирусот. Замислувам дека овие свеќи би можеле да ги хранат здравствените работници шест месеци.

На Браќата Колвин, кои низ државата возеа и складираа 17.000 шишиња средства за миење раце, а потоа им беше забрането да ги продаваат преку интернет, треба да им се санира мозокот.

Пред само три недели, британскиот премиер Борис Џонсон се фалеше дека посетил болница полна со заразени со коронавирус и дека се ракувал со многу луѓе. Сега и тој го има вирусот, заедно со британскиот министер за здравство, па е принуден да ја води земјата од самоизолација.

Идрис Елба мислеше дека прави вистинска работа кога објави видео во кое открива дека е позитивен на ковид-19, па ги повика другите да останат смирени. Проблемот е во тоа што славните како него добиваат скапи приватни тестови, додека повеќето други тоа не можат да си го дозволат. Збеснав кога неговата сопруга неколку денови подоцна објави дека и таа е позитивна. Врескањето на Карди Би на социјалните мрежи дека го изгубила разумот и дека сака да облече скапа облека и да излезе да јаде суши, беше особено грозно. Сем Смит, кој се жали на мала главоболка во својот луксузен дом, велејќи дека кризата ќе биде предизвик. Таквите луѓе нека се „пукнат“. И тоа веднаш! Гвинет Палтроу, која објави фотографија со смешна маска и напиша дека веќе била во овој филм. Ова не е филм, Палтроу, ова е реалност. Џаред Лето, кој се појави по 12 дена повлекување во пустината и одеднаш извика дека нема поим што се случува. Шокантно! Џаред тоа го објави на 17 март, што значи дека тој се повлекол на 5 март, а во тоа време многубројни американски држави прогласија итни случаи во здравството, а владата издаде највисоки предупредувања и забрани патување.

Елон Маск на Твитер напиша дека паниката за ковид-19 е глупава, а дека стравот ги убива нашите умови. Не, Елон е глупав, арогантен, лошо информиран милијардер, кој ја отфрла реалната и оправдана загриженост околу смртоносниот вирус.

Кралските двојки како Меган и Хари ги тешеа луѓето кои имаат помала среќа. А, тие одлетаа со првиот приватен авион во Холивуд за да погледнат потенцијални домови од 20 милиони долари. Не сакам да слушнам ниту еден збор од нив за време на оваа криза.

Водителот исто така ги подбра и Доналд Трамп, Ванеса Хаџенс, Дејвид Гефен, Дрејк, Џејми Кинг, Еванџелин Лили, Ким Кардашијан и Тејлор Свифт. Тој смета дека нивното однесување за време на пандемијата е неодговорно, а тие ја користат секоја објава за тоа, за да се промовираат.



### Мојот син има коронавирус

• Морган вчера откри во утринската програма „Добро утро, Британијо“ дека неговиот најмлад син Алберт (19) има симптоми на коронавирус. Ова признание дошло во текот на емисијата додека разговарал со гостин што има симптоми на ковид-19.



**Што ќе каже Мишел?**



## Обама следи порно-ѕвезда на Твитер

• Сара Џеј (42) е американска порно-актерка, која на својот твитер-профил има 1,1 милион следбеници. За една порно-ѕвезда тоа е сосема нормално, па меѓу следбениците се наоѓаат и малку попознати „фаци“. Меѓутоа, кога нејзините шокирани обожаватели откриле дека на Твитер ја заследил и поранешниот американски претседател Барак Обама (58), настанала експлозија од прашања.

„Зошто поранешниот претседател ја следи порно-ѕвездата?“,



„Откривањето дека Барак Обама ја следи Сара Џеј е токму она што денес му е потребно на светот“, се само некои од коментарите.

Обама на Твитер има повеќе од 608.000 следбеници од различни подрачја, а останатите корисници заклучиле дека тој ја следи Сара бидејќи ужива во нејзините содржини.

Меѓусебните коментари на корисниците на социјалните мрежи довеле до дебата како Мишел Обама (56), сопругата на поранешниот претседател, ќе реагира на тоа што тој ја следи порно-ѕвездата.

„Мишел добро ќе го провери неговиот мобилен. Ќе биде во неволја ако не престане да ја следи на Твитер“, „Добар човеку, ние те сакаме. Меѓутоа, мора да те прашам: Дали престана да ја следиш Сара? Ако не си, црната кралица Мишел тоа ќе го дознае, а тогаш нема да можеш да се спасиш“, се само дел од коментарите на корисниците на Твитер.

Освен што е извршна директорка на продукциска компанија за филмови за возрасни, Сара Џеј пишува, режира и продуцира порно-филмови. Таа работела 20 години во порно-индустријата и била една од најбараните порно-ѕвезди во 2018 година.